## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 август 2001 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1 со почеток во 17,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде сме веќе собрани, но нема доволен број на пратеници, па предлагам да останеме во салата да почнеме со седницата во 18,00 часот.

(Пратениците гласно реагираат на тоа, тврдејќи дека сите се тука).

Молам, сите пратеници нека влезат во салата и нека седнат на своите места.

Продолжуваме со работа.

Ја отворам Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците од Пратеничката група на Демократска алтернатива ме известија дека биле спречени да влезат во салата и кога ќе се создадат услови ќе влезат.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Според резултатот што го гледате, констатирам дека на седницата присуствуваат повеќето од половината од вкупниот број на пратеници и дека Собранието може да работи.

На седницата поканети се, претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на значењето на прашашето што се предлага да се разгледа на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За гласале 61 пратеник, воздржано гласале 4 пратеници, против гласале 6 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме по предложениот дневен ред.

За гласале 56 пратеници, воздржано гласале 3 пратеници, против гласале 10 пратеници. Вкупно гласале 69 пратеници.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Спанаков Ристо да не сака да интервенира нешто.

**СПАНАКОВ РИСТО:**

Да, почитуван претседателе, јас побарав процедурално пред да гласаме за почетокот на седницата, меѓутоа не добив збор и вие го ставивте предлогот на дневниот ред на гласање, а јас сакав да се јавам процедурално претходно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се извинувам, меѓутоа, овде не се искажа, после те видов дека дигаш рака.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Јас барав, меѓутоа не добив глас.

Дали може сега да добијам збор, почитуван претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласањето е извршено. Констатирав дека предложениот дневен ред е усвоен. Ако е само заради тоа нема потреба, а ако е некоја друга интервенција, тогаш може.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Прашањето беше следното, јас сакав да поставам уште една точка на дневен ред на денешната седница, меѓутоа пред да почнеме да гласаме фактички тоа не беше можно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не беше сега, тоа порано требаше.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Јас барав збор уште од почетокот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде не беше пријавено.

Минуваме на точката од дневниот ред.

Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Претседателот на Република Македонија во смисла на член 130 од Уставот на Република Македонија поднесе предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

Предлогот на претседателот на Република Македнија ви едноставен.

Образложение по предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија ќе поднесе Претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски.

Има збор претседателот на Република Македонија, господин Борис Трајковски

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитуван господине Претседател на Собранието на Република Македонија,

Почитуван премиер ,Почитувани пратеници, Почитувани гости и граѓани на Република Македонија. Во историјата на секоја земја има време кога народот треба да донесе тешки одлуки. Во една демократија овие одлуки се донесуваат преку избрани лица кои ги претставуваат граѓаните. Денес се соочуваме со такви одлуки. Тие по своето значење ќе имаат ефект врз иднината на нашата земја и на сите нејзини граѓани, а посебно врз иднината на нашите деца. Со донесувањето на соодветните одлуки поврзани со имплементацијата на Охридскиот договор, се надевам дека таа иднина ќе биде мир, стабилност и просперитет на Република Македонија. Велам се надевам, затоа што мирот не зависи само од нас.

Оваа насока е шанса не само за мирот и стабилноста, туку и кон зачувувањето на државата, на нејзината демократија и на безбедноста на граѓаните. Тој пат е пат на меѓучовечко и меѓуетничко почитување, давање шанса на заедничкиот живот, на толеранцијата, недискриминацијата и на заедничката одговорност за Република Македонија.

Овој Договор не е совршен но ни еден договор не може да биде. Тоа е најдоброто што во моментов го имаме и има многу позитивни точки:

- го заштитува територијалниот интегритет на Република Македонија ;

- ги заштитува индивидуалните права на граѓаните;

- ја движи Македонија кон граѓанскиот модел и концепт на модерна европска држава;

- Министерството за внатрешни работи и понатаму го назначува и разрешува шефот на полицијата, значи оваа клучна функција и натаму останува во рацете на централната власт;

- обезбедува повеќе образовни можности за сите граѓани во Република Македонија

- обезбедува поголема децентрализација со што единиците на локалната самоуправа стануваат поодговорни во собирањето и трошењето на парите од даноците.

Алтернативниот пат е раскол по сите линии: граѓански, етнички, политички, генерациски. Алтернативата на мирот е војната која до крај ќе ги изложи сите на масовни жртви, на масовна беда и на губење на перспективата - подолги години. Војната суштински не може ништо да реши во полза на граѓаните или на цивилизациските вредности и потреби на државата. Дури и да замислиме доминантен победник и тотален губитник ако тоа се граѓани и ентитети кои се разликуваат по своите етнички и културни карактеристики и кои обидувајќи се да наметнат колективистички диктат на другите според свој аршин - сето тоа ќе падне во вода. Современиот свет и поредокот во кој живееме има стандарди што прифаќа и модели што не толерира.

Договорот кој е пред Вас е резултат на вклопување на европските вредности на човековите права, демократијата и компромисот; елиминирање на основите за војна и меѓуетнички конфликти во Република Македонија, а тоа значи зголемување на нејзината внатрешна стабилност која директно се одразува и на мирот во регионот; и конечно, засилување на европската и евроатлантската перспектива на земјата.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Сите други наоружани екстремисти доколку не се изгубат од територијата на Република Македонија по завршување на "Суштинска жетва" ќе бидат гонети и уништувани од страна на нашите одбранбени и безбедносни сили. Нашите безбедносни сили исто така, ќе се постават повторно на сите делови на територијата на Република Македонија кои беа привремено под контрола на екстремистичките и терористички формации во функција на извршување на нивните секојдневни задачи за воспоставување на правниот поредок, јавниот ред и мир и сигурноста на сите граѓани.

Повторно осврнувајќи се на мировниот пат, на излезот од кризата кој го започнавме со преговорите на лидерите на големата Владина коалиција под мое покровителство и со олеснување преку претставниците на Европската унија и на Соединетите Американски Држави, треба да констатираме дека тој пат го одбраа легитимно избраните лидери на оној огромен број граѓани од Македонци и Албанци, кои во суштина, се за мир и

просперитет на сите и на Република Македонија како заедничко добро.

Токму лидерите на големата Владина коалиција, претпочитувајќи го политичкиот дијалог и респектирајќи ги состојбите, погледите и барањата на граѓаните, кои стојат зад нивните позиции, го одбраа патот на реформите со намера да ги унапредат меѓуетничките односи.

Нивните позиции, позициите на четирите најголеми парламентарни партии на Република Македонија, се доближија и најдоа можна заедничка дефиниција во Охридскиот договор. Тој Договор го содржи можниот компромис во однос на почетните становишта.

Во него е вложено многу труд, почнувајќи од предлозите на прочуениот и ценет стручњак по уставно право г-динот Роберт Бадинтер, па преку трудот на странски експерти и домашни стручни и политички лица.

Целта беше политичките позиции и интересите што ги застапуваат преговорите да се стават во рамка и стандарди, кои имаат капацитет да ги решат проблемите на меѓуетнички план, да ги унапредат граѓанските права на припадниците на малцинствата и да го стабилизираат унитарниот и граѓанско-демократскиот развој на државата и нејзините институции.

Почитувани пратеници,

Вие пред Вас го имате мојот предлог за пристапување кон изменување на Уставот на Република Македонија, во чија основа стои потпишаниот Охридски договор.

Тој Договор ги содржи предлозите, односно содржината и суштината на оние измени кои припаѓаат на уставниот корпус.

Предлозите од Охридскиот договор не навлегуваат во суверeноста и интегритетот на Република Македонија. Тој ја потенцира потребата, Република Македонија и понатаму да се развива како унитарна држава.

Искажувајќи ги трите изнесени принципи: унитарноста, суверeноста и интегритетот на императивен начин, Охридскиот договор, всушност, не задира во базичните претпоставки и темели на македонската држава. Спротивно, тој дава нов поттик и меѓународна гаранција на нејзините постулати.

Во основните принципи на Договорот се востановува и ставот дека не постојат, односно не можат да постојат, територијални решенија за етничките прашања, со што се докомплетираат и доутврдуваат првите три основни принципи: за унитарноста, суверeноста и интегритетот на Република Македонија.

Кога веќе на неспорен начин се утврди тоа, за што и не можеше да постои компромис, другите прашања кои се јавија како предмет на преговорите, можеа да бидат решавани со толеранција и респект кон проблемите и состојбите, кои се наведуваа како интереси и потреби на граѓаните и припадници на различни малцинства.

Пред се, станува збор за културните, јазичните и образовните прашања, како и за прашањата на рамноправната застапеност на сите во јавната сфера, надминувајќи ги состојбите на реална дискриминираност во таа област. Станува збор и за системот на гаранциите, што ќе ги имаат припадниците на малцинствата при остварувањето на прифатените и уставни формулирани права во односните домени.

По сите прашања поставени се предлози, кои според претежните оценки, остануваат на планот на европските демократии. Не е тргнато кон консенсуалната модерација на системот, или кон консенсуалниот модел на демократијата, за што, без аргументи се напаѓа Охридскиот договор од одделни домашни критичари.

Не е тргнато кон федерализација на системот со разбивање на неговата способност и ефикасност да продуцира решенија за интересите и проблемите на граѓаните, преку блокирање на самиот процес на одлучување.

Спротивно, тргнато е кон развојот на локалната демократија, како вистинско поле на поттикнувањето на учеството на граѓаните и почитувањето и унапредувањето на идентитетот на заедниците; тргнато е кон зачувувањето и изразувањето на мултиетничкиот карактер на општеството во јавниот живот.

На овој план станува збор за афирмација на европското демократско искуство, најпрво со фактот, што меѓуетничките тензии и судири наоѓаат решение, во унапредувањето на граѓанските права, избегнувајќи општа етнизација на државниот институционален корпус и на политичкиот процес.

Споредувајќи ги понудените решенија во однос на постојните, може да се констатира дека во областа на културните, јазичните и образовните

прашања Република Македонија и досега стоела високо според европските стандарди.

Покрупни промени има на планот на децентрализацијата на власта и на планот на гаранциите во остварувањето на тие права. Тоа зборува дека вистинскиот исчекор е на тој план каде што имавме најмногу заостанување.

Почитувани пратеници, на вас останува, со сета сериозност и внимателност да ги разгледате и оценети понудените решенија. Тие водат кон јакнење на нашиот државен систем, кон зголемување на рамноправноста на граѓаните и кон недискриминација. Кон зголемување на довербата кон државата од страна на сите, како и кон зголемувањето на граѓанската лојалност и одговорност кон опстанокот на државата и нејзиниот просперитет. Се надевам дека тие водат и кон излез од оваа криза.

Тоа е шанса за мирот и прогресот. Тоа е шанса за иднината на нашите граѓани и деца. Другото е неизвесност за сите и за секого. Другото е можна војна, беда, и загрозување на темелите на државата.

Демократијата и владеењето на правото мора да бидат единствениот начин. Доколку има уште насилство од страна на овие луѓе и нивните лидери, тогаш целиот свет ќе знае дека тие се борат за територии. Доколку има уште убивања и уништувања на верски објетки и економски имоти, тогаш целиот свет ќе знае дека не се борат за права, туку за територија.

Доколку продолжат да горат куќи и растеруваат луѓе, преку јасна политика на етничко чистење, тогаш целиот свет ќе знае дека нивните намери се навистина зли. Во таков случај, за нашиот цврст одговор, ќе очекуваме принципиелна поддршка од целата меѓународна заедница.

Дозволете ми да и се обратам на меѓународната заедница. Доколку насилниците продолжат со нивните нечовечки тактики, вие цврсто ќе ја поддржите Република Македонија и нејзините граѓани. Затоа што насилниците ќе ги покажат на тој начин своите вистински намери. Во тој случај, очекуваме Советот за безбедност на Обединетите нации да одлучи да се закани, или да употреби сила против овој извор на нестабилност и терор на Балканот.

Второ, бараме меѓународната заедница да не признае под нашето уставно име - Република Македонија  а не под некој измислена референца. Крајно време е светот да не признае така како што ние самите се нарекуваме. Во спротивно, како очекувате да веруваме во вашите вредности, принципи и намери, ако ни го одрекувате основното право, правото на идентитет

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Трето, очекуваме меѓународната заедница да го признае нашиот придонес кон стабилноста и мирот во регионот, а тоа да го направи не како досега со многу дадени ветувања, туку конкретно преку одобрување на економскиот пакет на помош наменет на обновување на нашата економија. По десет години бројни санкции, ембарга, бегалци, а сега и закани од надвор, навистина не го заслуживме тоа.

На крај, очекуваме меѓународната заедница да ни помогне да го воспоставиме мирот. За таа цел, денес барам повторно воспоставување на превентивната мисија на ОН - УНПРЕДЕП. УНПРЕДЕП беше успешна мисија и таа го одржуваше мирот преку набљудувањето на границите.

Ние ги донесовма тешките одлуки и го извршивме нашиот дел од работата сега очекуваме меѓународната заедница да го направи истото. Не само затоа што е тоа потребно, туку зашто е праведно.

Почитувани граѓани,

Одлуката е сложена и деликатна, посебно и поради тоа што јавачите на војната, терористите и сепаратистите ни приредуваат крвави предизвици со многу варваризам според методот и со многу перфидност на целите поврзани со етничко чистење на македонските средини.

Затоа прифаќањето на Охридскиот договор е начин и пат да се изолираат и осудат тие и такви сили од страна на сите фактори и домашни и странски; тоа е патот за нивно разобличување и елиминирање.

Да им дадеме шанса на умерените, разумните, трудољубивите граѓани на Република Македонија кои во огромен дел ја сакаат Република Македонија како мирна и напредна земја. Да не и дадеме шанса на војната на деструктивност, екстремизам и криминален корпоративизам, бидејќи тоа е лошо. За таква одлука треба разумност и храброст, треба и човечка искреност и чесност, во што не се сомневам дека ги има овој Парламент и народот на Република Македонија.

На крајот сакам да кажам неколку работи сосема пред вас и пред македонската јавност искрено пред македонската јавност. Многу од овие проблеми и прашања со кои сега се соочуваме не се нови. Корените се како во негативното наследство од поранешната СФРЈ во оваа област, така и во

накои решенија по 1ee1-та година. Со години наназад македонските политичари не сакаа јавно да дискутираат и да ги решаваат овие многу деликатни прашања. Голем дел од нив беа само одложувани. Сетете се на Мала Речица; прашајте се зошто Собранието на Република Македонија работи по Деловник донесен во далечната 1ee6 година. Прашајте се зошто Македонија имаше бројни мисии на специјално набљудување од страна на Обединетите нации, ОБСЕ и Советот на Европа. Република Македонија го затвори прашањето на своите меѓународно признати граници дури во февруари оваа година. Сакам јавноста да знае дека до почетокот на кризата, безбедносните сили на Република Македонија беа несоодветно подготвени и опремени. Сите знаеме дека во некои делови од нашата земја со години не функционираше правната држава. Сите овие проблеми излегоа на површина со полн интензитет во изминативе месеци и сегашната политичка гарнитура, јас како Претседател и големата владина коалиција, сега мора да се соочи со нив и да ги решава.

Сакам многу искрено да кажам дека во изминативе неколку месеци во многу пресудни моменти македонскиот политички блок не покажа доволно ниво на политичка зрелост и единство. Во таква ситуација беше многу тешко да се покаже лидерство и да се изгради единствена визија и стратегија за излез од кризата. Јас постапував и одлучував според мојата совест и убедување, секогаш мислејќи за доброто на Македонија. Во овој период, бев принуден да преземам одговорност и за прашања кои не се исклучиво во мојата надлежност. Јас бев покровител на политичките разговори и јас сум иницијатор на уставните промени врз основа на Рамковниот документ иако не сум единствениот потписник. Сега, во овој момент, барам од сите политички лидери во Република Македонија, а особено од оние кои го потпишаа Охридскиот договор да го понесат својот дел од историската одговорност и да им објаснат на пратениците во Собранието и на народот во Македонија зошто го правиме сето ова и какви ќе бидат последиците од тоа што овие денови ќе го договориме.

Мислам дека сега е моментот да им се обратам на сите граѓани на Република Македонија и од нив уште еднаш да побарам поддршка и разбирање со заеднички сили да се обидеме да ја извлечеме Македонија од бездната во која сега пропаѓа. И како политичар и како човек отсекогаш сум сметал дека без силата која доаѓа директно од народот раководството не може да направи ништо историски значајно за оваа земја.

Да живее Република Македонија,

Бог нека ја благослови Република Македонија.

Благодарам. (Амин)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на Претседателот на Републиката, господин Трајковски.

Отворам претрес по Предлогот за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија.

За збор се јави господинот Алексадар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе бидам краток, процедурално барам збор, пред да ми објаснат лидерите потписници на Охридскиот договор, во име на Пратеничката група бараме експозето на Претседателот да се умножи и да се подели на пратениците и да ни дадете еден разумен временски рок да го прочитаме и според тоа да одлучуваме за иднината на државата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Експозето ќе се подели.

Дали има нешто друго?

Дали бараше пауза?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Јас реков еден разумен временски период, што се подразбира дека барам пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, барате пауза.

Сега ќе дадам пауза, материјалот ќе се подели, сега е 17,35 часоот, а паузата ќе биде до 1e,30 часот.

(Седницата прекина во 17,35 часот).

(по паузата седницата продолжи во 1e,55 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани пратеници, ве молам да притиснете на едно од копчињата за да можеме да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Добро, имаме повеќе од половината од вкупниот број на пратеници, според тоа, Собранието може да работи.

За збор се јави г. Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Господине претседателе, членови на Владата, почитувани пратеници,

Денес се одржува најтешката и најзначајна седница на овој Парламент во неговата историја. Верувам по многу нешта оваа седница има исто значење како оние заседанија кога ова Собрание ја донесуваше Одуката за референдум за независност или можеби првиот Устав на независна и самостојна Република Македонија.

Сите ние присутни овде на оваа седница ги донесовме заедно со себе и своите убедувања и своите дилеми, и своите аргументи но и своите сомнежи. Сепак,. сакам да верувам дека без разлика кој од нас во кој дел од салата седи, со која партиска или етничка боја е обоен сме дојдени со истото чувство на одговорност дека пред нас стојат многу важни судбоносни одлуки.

Македонија како држава се соочува со најголемата воена закана и сеопшта криза во нејзиното 57-годишно постоење. Ова е криза која не само што нанесува огромни штети, економски, политички, безбедносни, криза е која не само што предизвикува бројни човечки жртви, масовни страдања и трагедии, туку го загрозува и самото опстојување на Република Македонија како суверена унитарна држава и го атакира директно нејзиниот територијален интегритет, нејзините граници.

Можеби вистински пристап во барањето излезни решенија од оваа криза е пред се и над се да се откријат и констатираат причините кои како држава не доведоа на ова дереџе, кои не доведоа да се најдеме во ваква ситуација. Јас денес тој по многу нешта логичен пристап нема да го изберам туку ќе го заобиколам и тоа заради една многу едноставна причина. Имено, длабоко сум убеден дека денес најмалку ни е потребна атмосфера на меѓусебни обвинувања, на истраги и откривања кои се виновниците, директни или индиректни, а кои се соучесниците.

Денес повеќе од било кога до сега потребно ни е па дури и неопходно целосно национално и државно единство и тоа единство на донесувањето на крупни и судбоносни одлуки за нашиот народ и нашата држава. Затоа, на оваа тема во оваа прилика би говорел сосема накусо и што е можно поопшто и поописно.

На оваа воена политичка и економска криза кумуваа работи на кои како држава не можевме да влијаееме. Но да бидеме чесни и искрени, исто така кумуваа и работи на кои што и можевме и моравме да влијаеме. Не е точно дека оваа војна беше наша неизбежна судбина. Таа можеше да се предвиди, таа можеше и мораше да се спречи и избегне.

Од сето она што ни се случуваше и ни се случува мораме да извлечеме бројни поуки за иднината, од кои некои се:

1. Никогаш повеќе да не ги потценуваме збиднувањата што се случуваат околу нас, било кај нашите непосредни соседи или во поширокиот регион. Ние сме мала држава и секој покрупен регионален потрес или турбуленција може да предизвика сериозни, понекогаш и несогледливи последици за Република Македонија.

2. Никогаш повеќе да не кокетираме со кршење на меѓународните принципи како на пример принципот на неменување на граници по пат на сила. Денес тоа што ни изгледа далечно и безопасно бидејќи му се случува на некој друг, веќе утре може да тропне на наша врата.

Меѓународните принципи постојат пред се да ги заштитат интересите на малите држави. Големите и моќни држави имаат и други механизми и можности да ги заштитат своите интереси.

3. Никогаш повеќе да не дозволиме политичките, без разлика лични или партиски договори да бидат над она што значи правен поредок, почитување на Устав и Закон. Кршењето или толерирањето на кршењето на уставниот поред и законската регулатива е првиот и сигурен чекор кон создавање на хаос и растурање на државата.

4. Никогаш повеќе луѓето во државните институции да не ги делиме на ваши и наши, туку единствено по принципот на способност и неспособност, по принципот на квалитет и неквалитет. Никогаш повеќе партиската хиерархија не смее да стане побитна и посилна од онаа со Устав и со Закон пропишаната.

Да запаметиме, еден од најбрзите начини за загрозување и уништување на темелите на една држава е онеспособувањето, атрофирањето или злоупотребувањето на нејзините институции.

5. Никогаш повеќе да не дозволиме луѓе на кои личниот и материјален интерес им е поважен од се, корупцијата и криминалот навика и секојдневие, да дојдат во ситуација да одлучуваат за било што, а

најмалку за судбоносни прашања за овој народ и оваа држава.

6. Никогаш повеќе да не му се потсмеваме на мирот. Потсетете се само на оние шеги кои на времето се правеа околу терминот "Оаза на мирот" ниту пак да мислиме дека тој ни е од Бога и за секогаш даден. Вистинската цена на мирот се гледа дури тогаш кога ќе се изгуби, а тој многу лесно се губи, а многу тешко се враќа. Затоа, треба да се чува и брани како нешто највредно и скапоцено.

Се разбира, има уште многу вакви "никогаш повеќе" и се надевам дека без разлика дали се или не се јавно споменати, секогаш ќе ги имаме на памет, доколку сакаме никогаш повеќе да не се повторуваат вакви потреси или земјотреси.

Како и да е, војната ни се случи. Се пропушти можноста да се интервенира брзо и решително во самиот зачеток кога дејствијата беа на ограничен простор, терористичките групации малубројни и изолирани и кога Меѓународната заедница даваше јавна поддршка и легитимитет за една таква акција. Подоцна работите се изменија. Се отворија нови кризни жаришта, војната добиваше на интензитет, бројот на жртвите и бегалците се зголемуваиш. Стана јасно дека се движиме кон сеопшта меѓуетничка војна и дека се наоѓаме на чекор од провалијата.

СДСМ ја промовираше идејата за широка коалиција со една единствена цел, со заеднички напори да се најде начин ова лудило да запре, пред да биде предоцна, пред да влеземе во една воена спирала од која враќање назад нема. Знаевме дека таквата задача е сложена и комплексна. Знаевме дека таквата коалиција тешко ќе функционира, а лесно ќе компромитира. Но исто така знаевме дека една голема и одговорна партија не може во еден ваков судбоносен период да седи од страна, да го негува самобендисано сопствениот рејтинг и мирно со скрстени раце да гледа како ни пропаѓа државата.

Во коалицијата влеговме чесно и искрено, постојано залагајќи се да се изнајде начин како од една страна да се заштитат националните и државни интереси, да се сочува територијалниот интегритет и суверенитет, унитарниот и граѓански карактер на државата, а од друга страна да се избегне сеопшта меѓуетничка војна , илјадници изгубени човечки животи, десети и десетици илјади протерани и разрушени градови и села. Знаевме дека тоа е тешко, но верувавме дека тоа е можно и дека таквата опција заслужува шанса.

Еве денес со овој Рамковен документ во Парламент и во исто време со операцијата за разоружување на теренот пред нас имаме еден заокружен концепт кој таа можност ја дава. Да немаме илузии, тоа ќе биде со огромен број на предвидливи и непредвидливи ризици и препреки кои во неговата реализација не очекуваат. Да бидеме сосема свесни дека ние не се наоѓаме на крајот туку на почетокот на мировниот процес и сите оние кои не и сакаат мир на оваа земја ќе направат се да не овозможат во остварувањето на таа крајна цел.

Би сакал да расчистиме една работа околу која јас лично немам никакви дилеми. Длабоко сум убеден дека оваа војна не започна заради унапредување на било чии човекови права и слободи. Оваа војна започна како и секоја друга војна во историјата на човештвото, заради освојување на територии. Никој не зема оружје в рака и не убива војници и полицајци за да има поголем број на полицајци од редовите на неговата националност. Никој не протерува луѓе од нивните родни огништа , не киднапира и не малтретира за да се избори за поширока употреба на својот јазик. Никој не подметнува мини, не руши манастри и фабрики, не пали и не пљачкосува куќи за да добие двојазично лична карта или извод од матичната книга на родените. Оваа војна започна заради Менување на граници и освојување на нов етнички простор.

Соочувајќи се со цврстиот и унисон став на Меѓународната заедница дека менување на граници нема и дека територијалниот интегритет на Македонија е неприкосновен, соочувајќи се со, наместо очекуваната поддршка, со силна осуда и изолација од целиот свет, терористичките групации решија во еден момент своите првобитни територијални претензии да ги трансформираат во политички барања. Барања за кои се води битка во институциите на еден систем, а не со оружје по планините, убивајќи, палејќи или рушејќи.

Болката, тагата, револтот заради изгубените повеќе од 60 човечки животи, илјадниците протерани и расселени, разрушените домови и светилишта Не смејат да не наведат на погрешен избор. Избор што ќе значи не нови 60 туку можеби 600, 6000 или 16.000 изгубени човечки животи. Не илјадници, туку стотици илјади бегалци, разрушени градови и села, губење на

суверенитетот и претворање на Македонија во меѓународен протекторат по примерот на Босна или Косово.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

На сите оние кои во изминатиот период под превезот или фирмата на божемен национален хероизам се погласно ја промовираа тезата тека повеќе заеднички живот нема, дека е дојден моментот етнички да се расчистиме и да се разграничиме, би сакал да им го порачам следното:

Помеѓу изворната идеја на ОНА за освојување на македонски територии и идејата на самопрогласените македонски херои за етничко расчистување и разграничување по својата суштина и крајни резултати постои целосно знак на еднаквост. Ефектот е ист губење на македонски територии, река бегалци во давата правци и крвава војна. Вистински и одговорен патриотизам не е да го изгубиш, туку да го сочуваш територијалниот интегритет на својата држава. Македонија не може да ја браниме на тој начин што ќе ја делиме. Македонскиот народ не може да го штитиме на тој начин што ќе го селиме.

Во оваа прилика би сакал да проговорам за уште една дежурна тема во овој периот. Темата за храбтоста и кукавичлукот, за птриотизмот и предавството. Ниту еден поединец, ама баш буквално ниту еден го нема ексклузивното право да оценува и разграничува што е што. Само судот на историјата е меродавен, компетентен за такви оценки. Ќе ви наведам неколку примери.

Во 1903 година цела плеада најодани револуционери на чело со Гоце Делчев беа прогласувани за плашливци, па дури и за предавници само заради тоа што опоменуваа дека востанието е избрзано и дека ќе се заврши со неуспех. Истата судбина од 1943 година ја доживува и Кузма Јосифовски Питу кога се спротивставува на тезата или цела или никаква Македонија.

Во 1993 година за предавници бевме прогласувани сите ние на чело со Киро Глигоров заради олуката и по цена на одредни отстапки да ја искористиме укажаната историска шанса Македонија да стане членка на Организацијата на Обединетите Нации. Или да се потсетиме кој се беше прогласуван за предавник или кукавица во соседна Србија во последните 10 години наспроти големите херои и патриоти од типот на Милошевиќ, Караџиќ и Младиќ.

Денес токму тие кои што го промовираа и поддржуваа таквиот амбиент како што се Српската академија на науките и уметностите, бројните зависни и независни интелектуалци, владици од Српската црква силните новинарски пера и бројните медиуми добија колективна амнезија, црна дупка во своето паметење, од чсвоите духовни чеда и творби бегаат како да се болни од лепра. Затоа внимателно со оценките и просудите. Во историјата секогаш се бројат крајните и долгорочни, а не почетните резултати и консеквенции.

Почитувани пратеници, јас сум еден од потписниците на Рамковниот документ чија содржина ќе биде предмет на вашата расправае и на оваа и на неколку наредни седници на ова Собрание. Својот потпис го ставив со чиста и мирна совест. Знам дека тој не е совршен, дека некои решенија се нелогични или пак отстапуваат од вообичаените норми и стандарди, меѓутоа да не заборавиме. овој документ е компромис, а компромисите обично не се до крај принципиелни. Но, во исто време целосно сум убеден дека ништо, ама баш ништо од она што е напишано во овој документ не вреди толку да заради тоа се води војна, да ни страда народот и да го ставиме на коцка опстанокот на државата.И не само тоа туку погледнете ги основните базични принцири на кои се потпира овој документ. Почитување на територијалниот интегритет на Република Македонија; зачувување на унитарниот карактер на државата нема територијално решение за етничките прашања; отфрлање на насилството како средство за остварување на политички цели. Ова се принципи кои ги штитат основните национални и државни интереси на Република Македонија.

Некој можеби со право ќе го постави прашањето што е тоа што добиваме на овој план а што го немавме и со постојниот Устав. И со досегашниот постоен Устав имавме гаранции за унитарниот карактер на државата, граѓанскиот карактер на државата, територијалниот интегритет и тн.

Доколку направиме сериозна искрена анализа и сакаме да видиме навистина што се случува ќе видите дека е направено многу, и многу значајно.

Уставот на Република Македонија донесен 1991 година не во својата содржина, туку во начинот на кој што се донесе имаше вградено една мала, но значајна политичка фабричка грешка. Имено, тој не беше поддржан од пратениците од редот на албанските политички партии во Македонија. Се разбира тоа ниту го намалуваше

легитимитетот, ниту легалитетот на највисокиот законодавен акт во оваа држава Уставот. Но, во последниве 10 години токму поради тој факт постојано се случуваше оспорување, негирање, па дури и конфликтни ситуации.

Под овој Рамковен документ стојат потписите на лидерите на двете легитимно застапени во Парламентот политички партии на албанците во Македонија. Доколку овој процес на имплементација успешно го изведиме низ овој Парламент, Македонија ќе има Устав поддржан од сите и со обврска не само правна, туку и морална да биде почитуван од сите.

СДСМ и како партија и како парламентарна група целосно ќе застане зад овој Рамковен документ и зад целокупниот мировен процес. Сите ние кои ќе гласаме"за" знаеме дека ќе понесеме голема одговорност. Сите ние кои ќе гласаме "за" свесни сме дека ќе гласа-ме за една поинаква од досега Македонија, но сепак Македонија со сочуван територијален интегритет, унитарен карактер, граѓанско општество и што е многу важно, можеби и најважно сето тоа постигнато избегнувајќи една крвава сеопшта меѓуетничка војна со огромни и катастрофални последици кои од тоа би произлегле.

Од друга страна почитувани пратеници сите оние кои размислуваат или би гласале против треба да бидат свесни дека ќе понесат уште поголема одговорност и ќе гласаат не за огромна неизвесност, туку за жал за огромна и црна извесност. Сите оние кои имаат намера да се изјаснат на тој начин ги повикувам не само да кажуваат што не чини и што не треба да се прави, туку јавно пред целата македонска јавност да го соопштат својот концепт за излез од оваа криза, се разбира, доколку како заокружен го имаат. Народот има право да знае со кој избор е соочен и што мора да бира.

Конечно, на сите оние непоправливи скептици и песимисти, на сите оние кои што дефинитивно се убедени дека оваа криза единствено може да се разреши по воен пат би сакал да им го порачам следното:

Дури и да сте во право, во што јас се сомневам, дури и да сте во право за војна никогаш не е доцна. За крвопролевање, за жртви, за разурнување никогаш не е доцна. Само за мирот може да биде доцна. Затоа да му дадеме шанса додека сеуште тоа е можно, ама да не го направиме тоа со подметнување и опструкции, туку да го правиме чесно и искрено, од срце. Ако времето покаже дека заради туѓа, а не наша вина тоа не е можно, ако времето покаже дека единствен начин да се брани татковината е со оружке врака тогаш сите заедно ќе бидеме во еден единствен фронт, ама тогаш ќе имаме чиста совест дека се што можело претходно да се направи од наша страна е направено и дека тоа што ни останува е единствениот и последен избор.

Почитувани пратеници, има ситуации во кои што што и да се направи се превзема голем ризик, а најголем ризик е ништо да не се направи. За Македонија ова е ситуација да се биде или не. Сите ние како пратеници, овој Парламент во целина не е избран за да бега од одговорноста, да се затскрива зад волјата на народот, туку за да го води народот, да гледа и да предвидува подалеку и да одлучува во име на народот. И од таа одговорност драги колеги бегање нема. Силата на македонскиот народ никогаш не била во оружјето, во бројот на тенковите и авионите и топовите, туку во разумот, во мудроста да донесува вистински одлуки во вистински момент и да не повторува туѓи трагични грешки. И бидете убедени нема доволно силна армија, господине претседателе, меѓу другото една таква забелешка кажавте во вашето обраќање нема доволно силна војска и армија што може да поправи грешки на погрешна политика. Имајте колку сакате авиони и тенкови и топови, водете погрешна политика, џабе ви е воената сила. Милошевиќ 1991 година располагаше со 2000 тенкови и 1000 авиони, беше посилен од било кој на Балканот, ги изгуби сите битки, сите војни и денска Србија е помала од било кога во Историјата. Затоа ве повикувам вас, народните избраници да ја донесете вистинската одлука. Да го направиме тоа така како што прилега на тежината на моментот. Да го направиме тоа сложно, единствено и одговорно. Дајте да им (го вратиме мирот на луѓето и да и ја вратиме иднината на Македонија. Тие тоа од нас го очекуваат, а ние тоа на нив им го должиме.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Насер Зибери се јави за збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа пратеници.

Дозволете ми накратко да го изнесам ставот на ПДП и нејзината пратеничка група однос на Рамковниот договор и иницијативата на претседателот на државата за

отпочнување простор за промена на уставот на Република Македонија.

Уште на почетокот да кажам дека нема да навлегувам во објаснувањето на причините за оваа криза и оваа војна, дали мотивите беа освојување на територии или поголеми права, зошто тоа впрочем најдобро историјата ќе го докаже. Уште на почетокот сакам да го изнесам нашиот став дека оваа криза и оваа војна можеше да се одбегне само доколку се имаше малку поголем сенс и добра волја да се сослушаат до крај и почитуваат барањата и залагањата на ПДП и политичките партии на Албанците во изминатите 10 години изнесувани токму на оваа говорница и пред овие институции на политичкиот систем.

За жал, за тоа се немаше сенс и за жал таквиот сенс кај одделни пратеници и политички партии сеуште и ден денес не постои.

Поаѓајќи од потребата дека војната носи само зло и штета, а мирот прогрес и благосостојба, треба што поскоро да престане војната и да се постигне договор кој ќе значи излез од кризата и обезбедување мир. Тој договор, како што знаете, после многу разговори, преговори, усогласувања и неусогласувања се постигна на 8 август во Охрид, а се потпиша на 13 август во Скопје. Со свој потпис неговото спроведување го гарантираа лидерите на четирите поголеми политички партии, кои впрочем сочинуваат над 90% од вкупниот број на пратеници во Собранието на Република Македонија. А, зад него застанаа со свои потписи, се разбира, претседателот на државата и претставниците на Меѓународната заедница, Европската унија и САД.

Овој договор, впрочем како и секој друг е плод на компромиси од сите страни. Секој има чувство, се разбира, субјективно дека компромис е на негова штета. Сепак, тоа не е така или не е баш така. Идеален договор впрочем и нема, ниту може идеален договор да се постигне кога имате две спротивставени страни или два различни интереси.

Договорот, доколку обезбеди мир, а јас сум длабоко убеден во тоа, не само што нема да му наштети на ниту една страна, туку тој ќе го обезбеди мирот, а мирот е интерес на сите граѓани, што знажи и на сите страни. Потребно е само негово прецизно спроведување и ништо повеќе. Непостигнувањето на договорот ќе значи војна, значи штета, зло за секој поединец на ова општество, без оглед на националната, верската или било која припадност. Кога човек ќе се стави пред ваква дилема да одбере помеѓу договорот со кој се носи мир и војната, не треба да се има никаква дилема за што треба да се определи. Ние се определивме за вистинската страна, за страната на мирот, демократијата и рамноправноста. И, покрај многуте забелешки на содржината на Рамковниот договор, определувајќи се за мир, а не за војна, определувајќи се за демократија, а не губење на човечки животи, определувајќи се за рамноправност, а не доминација на едни врз други, определувајќи се за Евроатланска интеграција, а не изолација, пратеничката група на Партијата за демократски просперитет му дава шанса на мирот. Му дава шанса на мирот, поддржувајќи го Рамковниот договор, иницијативата на претседателот на Републиката за промена на Уставот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави г. Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Благодарам господине претседателе.

Почитуван претседател на државата, почитуван премиер на Влада, почитувани министри, почитуван претседател на Собрание, почитувани колеги пратеници.

Јас внимателно и со големо внимание ги следев дискусиите на претходните дискутанти и се јавив за збор со една единствена цел да ги поддржам во нивните дискусии и да кажам дека, сепак, пред пратениците на Република Македонија постои една голема одговорност, која што треба да ја превземат во овој момент, а тоа е да пристапат кон промените на Уставот на Република Македонија. Мислам дека тежината на ваквата работа е преголема не само за пратениците, туку за сите кои што учествуваа во градењето на мирот во интерес на граѓаните на Република Македонија. Бидејќи, се работи за граѓаните на Република Македонија, затоа што во нивно име ние тука одлучуваме за вакви крупни прашања, сепак, мислам дека треба граѓаните на Република Македонија да се изјаснат односно тие да кажат што мислат за она што всушност сега се нуди во Собранието на Република Македонија. Затоа, јас во делот кога беше предлаган

дневниот ред за оваа седница побарав збор да предложам уште една точка на дневниот ред, а тоа е Собранието на Република Македонија да донесе одлука за распишување на референдум на кој што граѓаните ќе се изјаснат по единственото прашање, кое всушност е содржано во Рамковниот договор потпишан во Охрид на 13 август, а тоа е промените на Уставот. Да видиме како тие гледаат на тие промени на Уставот. Затоа, јас побарав и веројатно како политичка партија ќе поднесеме предлог за свикување на итна седница на Собранието на Република Македонија со разгледување на една единствена точка, а тоа е одлука за распишување на референдум со едно единствено референдумско прашање. Тоа би гласело вака: Дали се согласувате со предложените промени на Уставот содржани во Рамковниот договор потпипшан на 13 август во Охрид. Затоа што мислам дека оние за кои што се однесува токму таа промена на Уставот, сметам дека имаат потполно право да го кажат своето мислење врз основа на она што политичките партии ќе им го презентираат на граѓаните. Мислам дека треба да се направи една широка акција на која што лидерите на политичките партии, владините организации, невладините организации итн. на граѓаните ќе им објаснат што, всушност значат тие промени кои што се нудат. Не мислам дека сите граѓани се доволно запознати со она што денеска ние во Собранието на Република Македонија го работиме. Затоа мислам, дека тие сепак треба да бидат подобро запознати и врз основа на нивното мислење понатаму да изградиме еден широк мандат за пратениците врз основа на кој што тие ќе можат слободно да одлучуваат без никакви притисоци. Имено, деновиве се случуваше да слушаме од разни места дека се вршат различни притисоци на пратениците по една или по друга основа и од Меѓународната заедница и од граѓаните на Република Македонија. Така што, сега пред... Собранието имаме граѓани кои се насобрани токму заради тоа што не се согласуваат со делот на промените на Уставот, кои што сакаме да ги започнеме. Меѓутоа, кога би имале референдумско изјаснување на граѓаните А кога тие би си го кажале своето мислење, со тоа што би се согласиле со таквите промени или не би се согласиле со таквите промени и врз основа на тоа на сите пратеници во Собранието ќе им биде многу лесно да донесуваат одлуки понатаму.

Затоа, почитуван претседателе, предлагам да се направи таквата работа односно ние ќе поднесене барање, а вие понатаму треба да одлучите дали ќе свикате таква итна седница на која што ќе се изјасниме околу тоа дали сме за донесување на таква одлука со која што ќе распишеме референдум за изјаснување на граѓаните. Ви благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави господин Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, почитувани дами и господа, јас ќе ги изнесам ставовите на Демократска алтернатива во врска со оваа седница на Собранието на Република Македонија.

Во најсовремената македонска историја која се совпаѓа со независноста и суверeноста на Република Македонија, најпрво западна во тешка економска и социјална криза, а сега во услови на ефективна загрозеност на нејзиниот територијален интегритет и во длабока политичка криза. Овие состојби, иако делумно предизвикани и од објективните тешкотии во сложените процеси на преобразба на еден надминат општествен и економски систем во модерен и демократски, главно, беа производ на несоодветното владеење прво, на СДСМ, а потоа на ВМРО-ДПМНЕ. Речено накусо овие водечки политички фактори несакајќи, незнаејќи или неможејќи не најдоа соодветни решенија за предизвиците на економскиот развој, неопходните реформи на државата и економскиот систем, односно за демократскиот развој на државата.

Во вакви околности историски негативни за нашата земја, се изградија фатални претстави за нејзината економска невалидност, корумпираност, политичка нестабилност односно нерешени меѓуетнички прашања. Како посебно тежок продукт на кризните состојби, создадени заради несоодветното лидерство во изминатата деценија дојде до опаѓање на меѓународна позиција и углед на Република Македонија, односно, неспособноста на носителите и творците на надворешната политика да ги

афирмираат и да ги заштитат виталните државни интереси на меѓународна сцена.

Во изминатите 6 месеци на нашата земја и беше извршен уште еден неразумен притисок, односно беше нападнат нејзиниот територијален интегритет. Сега, на истекот на овој драматичен шест месечен период дојдовме до крајно деликатна фаза на прифаќање на одредени решенија за излез од тешката ситуација. И, се разбира, прашањето е дали да се прифатат или не.

За Демократска алтернатива веќе подолго време не постојат дилеми. Нашите ставови се познати како на домашната, така и на меѓународната јавност. Во согласност со нашите скромни можности ние се потрудивме да ги информираме граѓаните на Република Македонија, но и на меѓународните фактори за нашите согледувања и иницијативи. Денеска, за да остане забележано во македонската историја нашиот став останува непроменет. Не го прифаќаме Рамковниот договор и од високо принципиелни причини ќе гласаме против.

Дозволете да ги споделиме со македонската јавност ваквите високи принципиелни позиции.

Прво, во земја која што сака да биде демократска, а демократијата, пред се, треба да ја гарантира слободата на граѓаните и нивната ослободеност од страв, не може да се прифати логиката на употреба на сила за постигнување на политички цели. Во Меѓународната заедница, каква што ја познаваме од времето на Втората светска војна, од Атланската спогодба на Рузвелт и Черчил за новата ера за мир, слобода и човекови права, исто така, непроменет останува принципот за неупотреба на сила за политички цели.

За граѓаните на Република Македонија Демократска алтернатива никогаш не правела никакви разлики меѓу нив. Овие принципи ниту важеа за последните 6 месеци, ниту пак се применуваат во надминувањето на политичката криза со која се соочува земјата. Демократска алтернатива, меѓутоа, суштински останува врзана за политичкиот натпревар, за политичката конкуренција и за судирот на идеите. Според тоа, за нас е неприфатливо насилството врз Македонија, ниту со оружјето на тероризмот, ниту со манипулација на граѓаните од страна на таканаречениот државен врв.

Второ, на Република Македонија под закрила на вербалните махинации во врска со граѓанското општество и се изнудува системска двонационална поставеност. За нашата земја со целата нејзина, етничка, културна и конфесионална сложеност, изградбата на суштинските форми на граѓанското општество, се историска нужност. Уште повеќе што граѓанската идеа е глобална европска идеа на овој милениум и таа ќе претставувува водечка динамичка сила на еманципаторските општествени промени на нашиот континент.

Земјите и нациите што ќе ја прифаќаат, ќе напредуваат. Оние што ќе ја отфрлаат историски ќе ги маргинализираат сопствените потенцијали. Во оваа смисла никој нема право да ги уназади перспективите на новите генерации на граѓани на Република Македонија, затворајќи ги во етнички заедници.

Лидерите на ваквите етнички заедници одамна не го уживаат нашиот респект. Тие го негираат здравиот разум и интелегенцијата на своите народи, нудејќи им формули од изминатите цивилизациски ери и туркајќи ги во идни фатални конфликти.

Демократска алтернатива како суштествена политичка партија на граѓанската идеа со својот денешен негативен глас ги брани најдлабоките интереси на сите граѓани на Република Македонија. Македонија како развиена граѓанска држава хендикепите на етничките поделености ќе ги претвори во свои врвни предности. Обратно, понуденото затворање на Македонија во две етнички заедници е сеење на семето на идната поделба на земјата. Демократска алтлернатива тоа никогаш нема да го прифати.

Трето, во ова ново време на демократија сигурен пат за пропаста на било чија цивилизација или пак државна заедница е недемократскиот развој. Политичката практика во нашата земја ја карактеризира отсуство на вистинска демократија. За Демократска алтернатива власта останува само инструмент за демократски развој и за остварување на интересите на граѓаните.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:** (продолжение)

Кога таа се претвора во цел самата за себе, а посебно како инструмент за манипулација со највисоките интереси на

граѓаните, каков што е случајот со делувањето на оваа Влада, односно власт, нашиот однос мора да биде јасно негативен.

Според тоа, демократска алтернатива со индикнација ги отфрла методите зад колисниот карактер на делувањето , тајноста и манипулативноста на Владата на широкото единство. Само нареченииот државен врв ќе ја сноси целата одговорност за идниот развој на приликите во земјата.

Демократска алтернатива не ги прифаќа нивните одлуки и ги отфрла нивните предлози. Од своја страна Демократска алтернатива понуди за своето политичко дејствување и постојано се залага за зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на земјата, за мир и безбедност на сите македонски граѓани, за нејзиниот унитарен карактер, за развој на демократијата и на граѓанското општество , за целосно почитување и за унапредување на човековите и етничките права, за силен економски развој, за постојано подигаше на квалитетот на животот на сите граѓани, за изградба на РМ , која трајно ќе се доближува до европските и евроатлански организации.

Одтука, лажни се дилемите дека оние што нема да гласаат за Договорот дека се за војна, односно насилство, што може да води неминовно до поделба на земјата.

Меѓутоа, пратениците ДА нема да гласаат за усвојување на рамковниот договор, во кој е содржана иницијативата од слредните причини:

Прво, со овој Договор македонскиот народ го губи својот идентитет.

Второ, ДА смета дека прифатените решенија во Рамковниот договор и во соодветните анекси, претставуваат прифаќање на облици на двонационална држава. Таквиот пристап не одговара на повеќе националната структура на македонското општество, ниту пак, на европските тенденции за развој на граѓанско општество, бидејќи со овие решенија Македонија се обидува да се уреди на меѓуетнички заедници.

Трето, ДА не прифаќасметод на уиена и примена на сила од страна на една националност во процесот на менување на Уставот.

Исто така го одбиваме методот на одбивање на војна, или за мир од страна на неспособниот, т.н. државен врв, како непримерен облик на притисок и како начин за покривање на сопствената неспособност да ја водат државата, што се гледа и преку повикот на меѓународната заедница да ни ги реши проблемите. Притоа, сака да и заблагодари на Меѓународната заедница за спремноста да и помогне.

Четврто, ДА прва и единствена, јавно понуди план за излез од политичката криза во која се најде земјата. И натаму сметаме дека преамбулата на Уставот на РМ не смее да се менува, бидејќи го изразува историскиот процес на создавањето на Македонската држава, на постоењето на Македонскиот народ и меѓусебната трајна солидарност, меѓу македонците, албанците, турците, србите, ромите, власите, бошњаците, односно на сите граѓани на РМ.

Исто така, понудивме нови уставни решенија за поквалитетна заштита на човековите и националните права на граѓаните.

Во рамките на уставните промени, понудивме активно уредни решенија, кои земјата можат да ја доближат кон демократските стандарди на Европа и кон конституирање на вистинско граѓанско општество.

Отфрлувајќи го договорот како штетен за интересите на РМ, и на Македонскиот народ, пратениците на ДА, предлагаат, за толку значајни прашања, единствено да одлучуваатн граѓаните, преку непосредно и лично изјаснување, со што впрочем , се исполнува нивното уставно загарантирано право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани новинари,

Денеска пред нас имаме една иницијатива за жал, која во македонската јавност има дијаметрално спротивно гледање и јас ќе се потрудам во оваа прилика да кажам зошто , како пратеник на мојата политичка партија ВМРО-ДПМНЕ и пратеник од Битола , нема да гласам за овој Рамковен договор.

Најпрво , нема да гласам за овие промени на Уставот на РМ бидејќи се поттикнати од претседателот на РМ г-динот Борис Трајковски.

Прво, г-дине Борис Трајковски, вие кога бевте на листата за гласање во Универзалната сала и кога излеговте пред граѓаните на РМ воопшто не ветувавте за уставни промени во РМ. И воопшто, за промени во оваа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е на дневен ред биографијата на г-динот претседател.

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Г-дине претседателе Стојан Андов, да не ме прекинувате.

Јас не зборувам за биографијата. Зборувам токму, за тоа што треба да кажам, и ќе кажам.

Ве молам , да не ме прекинувате.

Почитуван претседателе на државата, вие со својата функција, која највисоко ја ценам , бидејќи секој претседател на една држава претставува врв, репрезантивна личност , но и врховен командант на вооружените сили, кој се заколнал врз основа на Уставот да ја брани целокупноста на територијата. Вие денес во услови на усвоени територии на РМ , кои требаше да ги штитите, а да не се враќам на сите пропусти што се направени , вие ни нудите измена на Уставот на РМ. Јас токму заради тоа, како пратеник во кој зборува високо мојата морална совест, нема да гласам за овој Рамковен договор. Вие, ако сакавте да се извлечете од таквата стапица, на големите моќници кои парадираа овде во РМ, требаше да направите нешто слично, како што направи Република Грција и навремето таа Влада. Кога настана спорот со РМ околу името на државата РМ , еден голем митинг во Солун беше скоро 2.000.000 луѓе и тогаш, тој премиер кажа: "тоа е волјата на народот". Вие не ја претставувате волјата на народот, па ниту јас како Горѓи Котевски, не ја претставувам волјата на народот. Ние всушност сме злоупотребувачи. Доколку ние го поддржоме овој рамковен договор, всушност ние сме против волјата на народот и на сите граѓани во РМ , без разлика кој, на која етничка група и припаѓа. Најдоброто изјаснување, за вакви суштествени прашања во државата навистина, треба да се праша целиот народ. Јас немам мандат , за да вршам измени и дополнувања на Уставот и воопшто, за ниедна измена нема да гласам. Категорично повторувам. Воопшто, за ниедна измена нема да гласам. Ние, како избрани пратеници во овој миг топката ни е префрлена на нас и ние ја сносиме целокупната одговорност, затоа што надвор од тие преговарачи, олеснувачи, или отежнувачи , вие потпишавте договор за кој немавте право. Немавте право да го потпишете тој договор, апсолутно, и тоа во Охрид, во вториот Ерусалим во РМ. Тоа е и една симболика. Сега, за да успее тој Рамковен договор дури се дразнува и една најголема супер сила на земјината топка САД и јавно кажува дека 250.000 долари, ќе потрошат во РМ за сите медиуми, поданички или неподанички, не навлегувам во тоа, тоа е нивна медиумска определба, односно нивна уредувачка политика, за да ни каже дали сте за војна, или сте за мир.

Јас категорички тврдам , никогаш не сум бил за војна. Кој ја сака војната господ да му ја даде дома, но ние сите поинаку овде размислувавме, без разлика на етничка припадност, ако барем на овие 120 пратнеици , на овој претседател кој седи овде и овој позади мене на Собранието на РМ и на целата Влада, ни загине барем по едно или две деца. Тогаш ќе ве прашам како ќе размислуваме. Сега е лесно да ми држат пеенки овде , оној кој што нема да го прифати договорот тој е за војна. А господинот стана и си отиде. Од 1990 година го слушам за неговите сталинистички методи: "кој не е со мене, кој е против мене, тој е против државата ". Сакате ли уште еднаш да повторам. Јас воопшто не сум за војна. Меѓутоа, мојата држава морам да ја бранам. Тоа е животнички нагон. Секое суштество во природата го одбележува својот терен и го брани и мора да го брани. Јас не сум за насилство на малцинствата. Можеме да се договараме. Можеме да преговараме. Меѓутоа, не смееме да посегнеме по оружјето. Бидејќи, кога ќе падне крв, тешко ќе може и овие уставни промени да ја вратат назад довербата што ја имаше меѓу македонскиот народ и малцинството на албанците. Таа тешко ќе може да се врати, затоа што ние досега на овие простори , без разлика кога се дојдени Албанците во овој дел, ние не сме имале освен, во Втората светска војна и сега, овој вооружен кофликт. Исто се случи и во Босна, истото се случи и во Косово. Таму кај што ќе падне крв, таму веќе ќе нема мир. Јас од тоа се плашам . Токму заради тоа , вакviот Рамковен договор, требаше да добие една друга димензија. Најдобро ќе беше, прво, како политички партии, како што знаевме да правиме митинзи, како да ја добиеме власта и како да ја злоупотребиме, како повеќе да украдеме , како повеќе да го измачиме овој народ, да го истераме од фабрикиет, да го истераме сега и од дома и да му кажеме сега ќе ви донесеме мир, одкако ве запуствме и ве донесовме на питачки стап. Тоа не е метод. Нашата совест, нашата ителектуалнсот треба да зборува во овие клупи и на тие места каде што се наоѓаме и во Владата и највисоките функции. Тогаш треба совеста да зборува дали со одреден чекор, со одредено законско решение правиме грешка со која

ќе го доведиме народот во војна, или во мир. Тука е фундаменталното прашање за кое треба да зборуваме. Да, јас сум за демократија, меѓутоа, демократијата е за паметни луѓе. Не е за глупави луѓе. Глупавите луѓе се караат и се тепаат. Посегнуваат по оружје. Демократскиот разговор значи да се сослушаме и на крајот да го избереме тоа што е најдобро и што ќе не води напред. Да немаме зла крв, да не разрушуваме домови и тн. Тоа е демократијата. Мегутоа, ние почитувани пратеници се соочивме и со една голема небулоза. Што ни се случи: прво, ја видовме Словенија, второ ја видовме Хрватска со братоубествена војна, па ја видовме Босна, исто така поделена на три идентитети и таквите сценарија продолжија во Косово и тие што ги наоружија за да ја рушат Југославија таа СРЈ, за која и ние, како политичка партија сакавме заради одредени проблеми и прашања, меѓутоа тие што беа вооружени против Србија и против Југославија, денеска се свртија и против Македонија. Нема да гласам за овој договор, бидејќи имам морално право и сум презадоволен што ние на Албанскиот народ, односно на Албанските маченици од Косово им понудивме сместување и на оваа сиромашна земја и потрошија толку пари , бидејќи примивме повеќе бегалци од нивната матична земја Албанија. Г-динот претседател тогаш беше заменик министер. Само што изрече еден збор : "да ги земете и да ги однесете таму", стана претседател на РМ. Да г-дине претседателе, имам полно право на сите митинзи во Битола јас ве подржував. Меѓутоа, дури сега гледам, зошто некои работи ни се случуваат во државата. Повторно, мојот став сакам да го афирмирам. Секогаш укажувам дека во оваа држава треба да се престане само по партиска линија и глупави луге да се редат на одредени функции.

Тоа не смее да ни се случува. Но, од 1990 година, до денеска, тоа упорно ни се случува. Упорно заговарав дека мора да се внесе искренос во политиката. За сите овие состојби вие ако бевте искрени, требаше да му кажете на овој народ, односно на граѓаните: " Почитувани граѓани врз нас се врши голема пресија. Не притискаат заради тоа и тоа, а ние еве ви кажуваме . Бидејќи ќе нема изелез, најголемото задоволство е Институтот оставка. Јас оваа функција неможам да ја вршам. Чесно е, достоинствено е да си признаам. Толку се моите умествени и физички способности и си поднесува оставка". Тоа е всушност, суштинската работа што не се сфаќа во Македонија. Исто така, не сватиме дека позициите во државата, клучните позиции, не само што имаа бенифиции, туку имаат и голема одговорност. Тоа во овој миг се потврди. Значи, ние мислиме дека со добивање на одредена позиција, само ќе правиме шетанки, ќе уживаме, ќе имаме протоколарни средби, но, кога ќе дојде еден ваков миг, треба да се покаже вистинскиот лик на државникот, на премиерот, на претседателот и тн, на сите оние структури што ја владејат државата.

Затоа, повторно ќе кажам: во сите тие институции, во сите сегменти треба од оваа држава да се извлекуваат најпаметните и најквалитетните луѓе. За жал, ние тоа не го направивме. Токму заради тоа, заради тоа што, од еден протекторат беше извршена инвазија, окупирање на Македонската територија и како прв преседан, со присуство на меѓународната заедница и на најголемата супер сила САД, јас нема да гласам за овој договор, бидејќи немам мандат од моите избирачи во градот Битола.

Исто така, почитувани пратеници, нам ни се случуваат и многу други нешта. Ние кутрата Македонија, почнавме да ја делиме, не само по партиска линија, туку и по етничка. Одредени министри, почнаа да земаат одредени области, одредени задруги, донесуваат одредени луѓе тоа е уште поголемо раздробување на Македонското ткиво и на граѓаните на РМ. Ние , не смееме така сепарантно да го делиме народот во РМ. Бидејќи тоа ни се случува, јас нема да гласам за овој Рамковен договор.

Исто така, беше кажано од г-динот Ристо Јованов дека преамбулата беше целосно маргинизирање на Македонскиот народ, маргинализирање на Македонската православна црква, а исто така, тивко но сигурно, како што е Скопје поделен на источен и западен Бејрут , а Македонија со овој договор и со промената на Уставот, влегува во една нова ера, која ќе ја нема.

Инаку, сакам да укажам можеби, овие од Запад неможат да не сфатат , но, во Европа има традиционално стари народи и стари држави, кои имаат одреден менталитет, со кој се држат за тие традиции. Тоа не е својствено на една Америка, тоа не е својствено на една Австралија. Тие се конгломерантни држави и кога вие зборувате таму за Македонска нација, за Српска нација, Руска нација, Француска нација и тн. неможат да ве разберат, бидејќи таму е една голема мешавина "Бигова микса"ја нарекуваат тие. Тие, неможат да не сфатат. Тие имаат сосема

поинаков третман на тие работи. Тоа навистина треба да им се каже. Македонија не е мултиетничко општество. Навистина, ние имаме малцинства во државата. Но имаме една долга, традиционална држава без разлика на одредени временски периоди, со одреден временски континуитет, во зависност од хегемонијата што ја правеле одредени народи и империи, била прекинувана и тн. Но, тоа опстоило во историското паметење на тој народ, и на таа нација. Тука, тоа треба да се среди. Ние, неможеме преку ноќ, така да речеме дека Македонија нема граѓанско општество. Да, извира се од граѓаните на државата. Им припаѓа на граѓаните. Во тој конститувен дел, тој политички систем, треба да биде граден врз традициите, односно врз обичаите на народот кој живее во таа држава.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**: (продолжение)

Тоа е она што не го сваќаат овие западни сили. Во овој рамковен договор има таква мешавина која навистина, сакам уште еднаш да потенцирам покојниот Едвард Кардељ да беше жив, како што правеше со СОЗ-овите, немаше да направи таква капитална грешка и таква небулоза. Овој договор навистина излегува надвор од сите меѓународни рамки, од сите меѓународни договори, апсолутно не се држи за никакви клаузули, тука нема обврски.

Жал ми е што претседателот си отиде,а требаше да ме слуша, да го прашав колку нумизматичко оружје собра НАТО. Да ви кажам најискрено, ако НАТО навистина, ја сметам за една воена организација со ресоект и ние имаме консензус, ако навистина сакаат Македонија да биде избавена од оваа криза, тие најлесно тоа можат да го направат. Ние одамна сакаме да се вклучиме кон НАТО и сите тие работи што ги правевм беа со цел да се вклучиме кон НАТО. Нека не вклучат. нема напад на суверена членка на НАТО, тука е спасот на Македонија. Меѓутоа, ова се задкулисни сили кои сакаат Република Македонија, а да не претерам, тие сценарија продллжуваат со одредени притисоци, со одредена тортура дојдоа во Макмедонија, наредното ќе се случи во Бугарија со новите увезени политичари, со новата увезена коалиција и јас се надевам дека навистина западот ќе може да свати дека на славјанскиот род тука му е крајот.

Треба уште едно да запаметиме, две светски војни се одвиваа на овој европски простор, тука паднаа најголемите жртви, 22 милиони православни руси и башка друг свет германски, француски, македонски, српски итн. Двете војни беа водени на овие простори, за жал, англиското острово, САД и другиот дел до ден денес не се воопшто чепнати. Тие жартишта кои постоеја постојано и повторно се негуваат на овие простори јас заради тоа нема да гласам за овој рамковен договор, барем ќе биде чиста совеста и нема да ми кажува г-динот мојот македонец Бранко Црвенковски, ако не гласаш за овој рамковен договор, ти си за војна. Благодарам што толку време од 1990 година ми ја пласираат оазата на мирот, а секојден бевме подлабоко во војна.

Зошто? Бевме заради сите овие работи што претходно ги кажав, и не сакам да ги повторам, но ќе кажам нашата политика свест сеуште не е издигната на одредено ниво, нашата парламентарна свест се гледа и во сите настапи во нашето присуство, во нашата несериозност во пристапот кон одредени надворешни членови кои доаѓаат овде од разни институции од Европа и од светот. Ние мислиме дека цел свет гледа на Македонија, а всушност сите си ги гледаат сопствените интертеси и прават сопствен профит, за сопствените народи и врз туг грб прават пирамиди и прават слава. Додека не го сватиме тоа ќе крвариме, а за жал, со потпишувањето на овој рамковен договор и посебно, бидејќи ништо не обврзува овој рамковен договор, треба да оди на референдум, ако направиме уставни измени тивко Македонија ќе ја снема. Тоа не е моја наредничка визија, не сум Ванѓа бугарката или некој друг наречник, меѓутоа, сите чекори водат кон тоа, сакале ние да признаеме или не. Нам ни се сечени корените. Јас сум човек кој сакам да живеам со корените не само со минатото и сегашноста туку и со иднината. Меѓутоа, не може некој да ми ги сече моите корени.

Ќе ви кажам еден прост пример. Каде да отворам во сите венсици славомакедонци или некј друг израз. Дозволете почитувани пратеници, јас сум македонец и тоа право изворно никој не може да ми го земе и според Устав и според закони и според мојата декларативност . Јас сум македонец. Зошто мене ме нарекуваат славомакедонец и американци и незнам кој. Дали можам јас да ги нарекувам перверзни американци, (смеа во саслата), дозволете не е добар овој израз, но, смеам ли да ги наречам? Тоа исто за мене е голема увреда да ме нарекуваат славомакедонец. Јас сум македонец, просто и едноставно таков никаков каков што сум сиромав, беден или богат, паметен или непаметен, јас сум тој таков на оваа земјина топка. Ме создал господ и сакам да живеам

како македонец. Не сакам да ме нарекуваат славомакедонец или г-динот Џафери славомакедонците или незнам што. Па добро дали треба да ве нарекувам вас албанците арнаути или шиптари. Вие имате три имиња. Првобитното име арнаути, и во сите турски документи се водат како арнаути, потоа се водат како шиптари и на крајот станаа албанци. Но, јас со сиот респект, бидјеќи се лутите, јас секогаш ве нарекувам албанци и тоа е сосема нормално, не сакам да правам било каква алузија. Значи, треба да престанеме со тие работи. Всушност тоа не е само прост изговор, тоа се надоврзува и на промената на името на Република Македонија БЈРМ. Што сме ние бјрмовци, бајрамовци? Што сме. Апсолутно тоа не држи.

Ако светот, Обединетите нации сакале да изнудат поголеми права, човекови права за малцинствата во Република Македонија има механизми во 00Н, има механизми во Советот на Европа. Дајте ќе седнеме ќе разговараме, ќе преговараме ако треба не 100, 201 година ќе разговараме, ќе изнајдеме решенија, но, да ги поставиме картите така како што треба за да не се чувствуваме во оваа држава сите увредени и понижени. Јас сум и увреден, јас сум и понижен со тоа силување на нашите луѓе без разлика од која страна доаѓа дали од Албанците кон Македонците или Македонците кон Албанците. Ние го докажавме тоа најниск ниво варварство, дивљаштво. Тоа е животински начин на однесување. Тоа и животните не го прават. И тие имаат еднаш во годината циклус и знаат кога го прават Тоа е ругоба за нас.

Според тоа, немам морално право за овој договор воопшто да гласам со кренатa глава и секогаш ќе опстојувам таков каков што сум , без разлика дали некому му се допаѓа или не.

На крајот нема да гласам затоа што во Македонија почна да се води гласна кампања преку медиумите, да се врши притисок и на пратениците и на народот за прифаќање на уставните промени.

Јас не сакам на мојата свест, на мојот чист разум некој да делува. Јас сум доволно свесен, или на моето гласачко тело, на мојот народ, на мојот комшија, на моите роднини и пријатели, да им кажам дека е ова добро и треба да биде така, а не само со насилство и тортура 250 илјади долари се осиромашија САД, а кога 450 илјади албанци примивме овде ги зближивме, им дадовме топла рака, каде е нивната помош, кој ли ќе ни даде донации, што мислите? Некој ќе ни даде донации? Ако не сработиме со овој сиромашен грб и со овие мускули, никој не дава. Јас бев на Запад таму со најостра игла ја цицаат крвта. Една година работев во цела ноќна смена без никаков престан, таму нема како на други простори, господинот Профит има најголемо место и најголем пиедестал. Тие знаат каде е профитот. Денеска ќе забранат да извеува оружје Украина, утре ќе забранат Бугарија, но ќе го извезуваат тие и тие ќе инкасираат во своите џебови.

Ако има новинари од CHH и други новинари ве молам добро да го запаметите тоа, ќе забранат и Бугарија да произведува нагазни мини, ке ги произведува некој друг, но ке се инкасира на друго место. А, кој ќе биде убиен. Пак ние сиромашните што не можеме ништо. Нас, ако сака некој да не поробу, ако сака НАТО да не пороби, па тука е НАТО почитувани колеги. Тука е. Тој може секој миг, ние сме толку слаби, ние сме толку исцрпени, ние баравме спас во големите држави кои се супер сила. Тие цело време декларираа малите народи мора да се заштитат од хегомонијата на посилните. НО, што ни се случи? Повторно ни се случи големите не силуваат. Исто како на Јапонија што беше фрлена атомска бомба, во Македонија ни се направи чин за освојуваше на територија за која 10 години како пример Македонија ја земаа заендички соживот, за добра демократија, се разбира, со сите слабости што ги имаме. Јас сум свесен дека имаме слабости, не се гради таа демократија за 24 часа, или за две петолетки. Меѓутоа, еве што ни се случи. Таа демократија со полна уста ни ја внесоа и во Република Македонија и сега за жал вели собираме оружје. Па, добро, толку ли сме малоумни, ретардирани ли сме, на никој што кренал оружје, за да убива луѓе,и убил луѓе не враќа оружје. Почитувани пратениици, не враќа. Тој е убиец, тој по сите права во светот мора да заслужи казна. Јас не можам да видам каква амнестија, на кого амнестија, кој орган во оваа држава ке види дали е виновен или не. Дали тоа стои во рамковниот договор и кој надгледуваше дека се собра оружје толку и толку. Ние сме како заморчиња, ние ќе собираме вие продолжете си на седницата, изгласајте го договорот, па после ќе си продолжите со уставните измени и ќе ве удирам како што сакаме. Барем ако не друго не можам ни да мавам, немам ни оружје, барем вака со збор ќе му кажам дека почитувани господа од западот ве молам оставете ја Македонија да реши со овој случај, не *со* војна, да седнеме да преговараме, но не на ваков мизерен и потчинувачки начин.

Ние имаме доволно квалитетни луѓе, доволно универзитетски професори, имаме луѓе од сите бранши, ќе седнеме, ќе се договараме, но тие само нека надгледуваат што е тоа што во Македонија на демократски пат се случува, низ сите тие институции , конвенции кои се донесени и се во сила во светот за унификација на меѓународното право и на првата што се во сите држави во светот.

Ете, тоа е моето образложение, јас ја плакнам мојата совест овој миг, и не сакам да прифатам никаква теза што овде беше изнесена на ова говорница дека оние што гласаат против овој договор се за војна. Јас не сум за војна, апсолутно не сум за војна. Зборовите и разумот можат и железни порти да отворат, оружјето ги затвора сите преговори, прави неред и тогаш нема ниту мир, ниту сожителство,ниту граѓанско општество, повторувам ние и понатаму ќе се делиме, без разлика колку сакаме да го отфрлиме или не.

Благодарам за трпението и се извинувам ако навистина емотивно делував или кажав нешто што не требаше да кажам или нешто ако погрешив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор г-динот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа, пред да зпочнам со дискусијата морам да кажам дека ретки се седниците на кој се дискутира за прашања со ваква историска важност за една држава и би потенцирал со ваква историска важност за еден народ , мислам на македонскиот народ.

Денес во оваа процедура на одржување на седница односно отворање на процедура за промена на Уставот за некои ќе биде гордност што се пратеници, меѓутоа, за некои ќе биде срам што се пратници, а тој срам предвидува, еве си давам за право иако претходниот пратеник рече дека не е Ванѓа, меѓутоа, не мора да се биде Ванѓа за да се предвидуваат работи, предвидувам дека некои презимиња со векови ќе ги следи овој срам, посебно од македонскисн дел од овој парламент.

Би сакал да најавам дека сакам да зборувам малку за историјатот на проблемот понатаму, сакам кратко да го анализирам документот што ми е предложен од страна на претседателот на државата и понатаму сакам да зборувам за некои дилеми кои се намет нуваат во целата процедура, некои дилеми кои не се поврзани само со документот, некои дилеми кои излегуваат малку повеќе и поширокс опфаќаат едни комплексни односи за тоа како ни е уредена заедницата, државата, како функционира овој парламент и кои се тука предавници а мои заштитници на интересите на македонскиот народ кои се против кои се за.

Сега ако ми дозволите кратко за историјатот, се одлучив да зборувам за историјатот на овој проблем затоа што не сметам дека војната, војна внимавајте, ги користам термините на г-динот Црвенковски, го слушав како дискутираше неколку пати рече војна, значи, не сметам дека оваа војна траее шест месеци и дека е овој феномен што ни се случува од февруари и едноставно како таков треба да го акцептираме и да бараме одговорност односно да промислуваме и размислуваме за период од шест месеци.

Јас мислам дека целата ситуација има корени најмалку 50-години, меѓутоа, ќе се задржам на годините на суверена и независна Македонија.

Несакам да зборувам за тоа дека дедо ми од 1950 до 1956 година живеел во Тетово и се борел против балистичките банди на Шара. Тоа е семејна работа. Мегутоа, тоа докажува дека има историјат ова што се случува на Шара.

Ќе се задржам на годините на независна и суверена Македонија, мислам дека тоа не интересира и мислам дека никој нема право да ми каже дека со тоа што ќе анализирам,го упатувам на г-динот Црвенковски и со тоа што можеби нема да се согласам јас сум предавник, а тој е заштитник на македонскиот народ.

Како ќе гласам ќе ви кажам на крај, прво дозволете ми да ја образложам мојата замисла, размисла околу овој проблем кој ве уверувам дека дење ноќе ме мачи, се срамам понекогаш што сум македонец се тргам од луѓето затоа што незнам што да им кажам. После ово ако прифатам некои тези мислам дефинитивно не ни останува ништо.

1992 година референдум за Илирида или може би не се сеќавате, да се потсетиме која партија го направи ДПА или ПДП, мислам дека пратениците знаат, за оние што незнаат ПДП затоа што ДПА тогаш уште не беше ни оформена.

(од место некој викна заедно).Заедно?

Еве добивам сугестија од албанските пратеници дека заедно ја правеле Илирида. Тоа е потврда на она што денеска го правите дека нема искреност, ви благодарам вака што ми сугерирате, сега кога ќе ги образложувам другите постулати ве молам

исто така сугерирајте ми, јас сум сконцентриран ќе ве слушам и ќе ги прифатам вашите сугестии. Затоа што ова не е дискусија што е напишана, ја имам во глава и ви кажав мене ме мачи, и многу ми е жал што не ги мачи сите македонски пратении иако денеска не сум подготвен ад хок да обвинам луѓе за предавство, како што тоа некој го стори во претходните дискусии. Зависно од тоа како ќе гласал некој ќе бил предавник или заштитник на македонскиот народ. Тоа, барем на мене, никој нема право да ми го претстави како такво и јас да го прифатам и после тоа да мислам дека тоа е некаква догма.

1992 година, референдум за Илирида, јас мислам дека тогаш пратениците односно тие што гласаа за Илирида јасно кажаа дека сакаат да излезат на левата страна од реката Вардар, тој дел од Македонија да оди во голема Албанија, заедно со Косово, заедно со делови на Црна Гора и заедно со делови на Грција. Ги имате тие карти, често излегуваат во весници, акмо немате читајте во македонските затоа што ги преобјавуваат.

За мене јасен доказ дека постои потреба да се распарчи оваа држава во 1992 година.Заврши како што заврши процесот, 1994 година, тетовски универзитет, прогласување. Г-динот Бранко Црвенковски, рече дека денеска нема намера да ги заострува работите и дека нема намера да ги преиспитува причините, туку дека ќе погледне визионерски во иднината и дека ќе донесе немкои заклучоци кои ќе бидат за мир што директно посочува на тоа дека ако некој ги покаже причините, ако некој ја пог-ледне алката на г-ѓа Шеќеринска или госпогица, Ве молам, да бидете сконцентрирани, да не ме прекинувате .

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Ако можете да не ме прекинувате. Имате право да реплицирате, имам право да ви вратам три пати.

Мислам дека никој од нас нема право синџирот на случувања со тоа што ќе каже дека ќе го заобиколи да се направи визионер. Со тоа што нема да каже дека 1994 година е прогласен Тетовскиот универзитет (уфрлување на некои од пратениците со зборовите 1995 година), 1994 година во декември, и вие не знаете кога сте го прогласиле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да упаѓате. Има збор господинот Филип Петровски и случајте го, после тоа имате право на репблика и да му одговорите.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

1994 година, Тетовскиот универзитет, 150 илјади државјанства, Можеме ли ние да конструираме пирамида без основа? Кој од вас знае да конструира пирамида во воздух? Јас ќе ви кажам, тие 150 илјади државјанства што ги добија 1994 година денес пукаат врз македонци, денес прават етничко чистење во Тетово, денес убиваат македонски војници и македонски полицајци. Тоа е верифициран. Денес да се каже ако ние ги заобиколиме причините, ако кажеме еве ние во име на единство, лажно единство, и тоа не мислам на албанците или шиптарите како сакате нарекувајте се во име на единство на македонскиот блок,некој немало да напаѓа а ќе давало визија за Македонија како треба да изгледа, а оној што ќе гласал против бил предавник, тоа е во најмала рака лицемерие. Зборувам и ви кажувам лични ставови, не зборувам во име на партија или колективитет, иако јас сум член на ВМРО-ДПМНЕ и пратеник на ВМРО-ДПМНЕ. Меѓутоа, мене ме влечат и ме стопираат луѓе по улица кои не се само членови на ВМРО-ДПМНЕ. Разговараат со мене луѓе кои се етнички исчистени од територии од Шара. Разговараат луѓе кои што се на линија на фронтот Јагуновце, Жилче, Ратае, кои што се налутија на фронтот со уште седум македонски села кои што се единствени македонски села до Скопје, кои што се секој ден под снајперски оган, без разлика на сите можни примирја, договори, како сакате наречете ги. Знаете во каков страв живеат тие луѓе во Јагуновце, во Жилче и во Ратае? Еден пратеник од СДСМ пред два дена ми рече дека било партиски маркетинг што сум бил во униформа. Мала дигресија од тоа што сакал да зборувам. Јас ќе се согласам дека е партиски маркетинг.Мислите дека може да се облече униформа и да се загине во име на една држава како партиски маркетинг? Еве од тука ве прашувам,кога ќе имате можност да ми реплицирате, несакам да ве именувам, добро се сеќавате. Јас сакам само да ви кажам вие мене обвинете ме за партиски маркетинг, меѓутоа, одете да ги прашате луѓето во Јагуновце, во Жилче и во Ратае како им е дење и ноќе, дали спијат мирно и што викаат ако се повлече македонската полиција ќе се случи со нив, бидејќи војската ја повлекоа, некој ги повлече тенковите.

Ако некој сака единство, тоа сум јас. Ако некој сака со вас да се дружи, повторно сум јас, јас немам ништо против вас,

мегутоа, вие неможете ниту вашиот лидер ниту никој од вас да не обвинувате нас за тоа дека сме за војна, против или за неединство затоа што не ви одговара она што ние го правиме.

Да се вратам на 1994 година, Тетовски универзитет. Македонската јавност не знае некои работи. Некои работи од страна на "журналистите", новинарите, не се пренесуваа какви што се. Тоа е затоа што целото македонско новинарство е платено, потплатено, купено, препродадено. Знаете ли колку јас сум денес загрижен за тоа што можеби утре во "Старт" или "ЗУМ" или во "Утрински весник" ќе анализираат уредниците со тоа што ќе ги обвинам? Ни најмалку затоа што нема ништо да остане утре од Македонија. Во таа насока да размислувате. А за Тетовскиот универзитет од 1994 година македонскиот народ нема шанса да дознае дека сега со овој договор треба да се легализира. Тетовски универзитет, неможам да се сетам дека ВМРО-ДПМНЕ го отвори или пак владееше. И за тоа вашите ретори способни од типот на НиколаПоповски или можеби Шеќеринска ме интересира како ќе успеат да ја убедат македонската јавност или вашите купени новинарски пера дека ние сме умешани во формирањето на тој универзитет. Тоа сакам да го видам, а мене излезете пуздер направете ме на говорница. И убедете ме исто така дека јас сум и предавник и идиот, ама дека не сте дале 150 илјади државјанства за да владеете, 150 илјади души кои што денес пукаат на нас и кои денес не знаат македонски да зборуваат туку српски разговараат кога ги малтретираат македонците само затоа што се дојдени од Косово. Ако ме убедите во тоа, ништо друго не ми е важно. Не ми е важно ни дали ќе се занимавам со политика, ни дали ќе ме има тука, ни дали ќе имам можност со некој од вас да дискутирам, оти нема многу да ми недостасувате.

1997 година. Тетово и Гостивар албански знамиња, уште се сеќавам ВМРО-ДПМНЕ сеуште беше во опозиција. Ова се три години за кои што зборувам, кои ги нарекувам години на наше опозиционо владеење, меѓутоа, години прилично значајни за подготовка и поста-вување на подлога на она што денес се случува, оти македонската армија во февруари не можеше да врати со хелихоптери затоа што ги немаше. 1997 година не можеше да возврати со тенкови кога беше напаѓана полицијата во Гостивар затоа што ги немаше. Значи, во едно логичко докажување, претставување на нештата јас сакам да зборувам за тоа што ли има, од што до што доаѓаме, да не ги заборавиме нештата. Денес никој неможе да ми каже дека во Танушевци во февруари настана проблемот и кризата затоа што тогаш им текна на албанците или шиптарите, како сакате кажете. Тоа е подготвувано. Правени се проби, тестови. 1997 година беше тест. Тој тест го имате во вид на албански знамиња истакнати пред општините што заврши како што заврши. Завршија во затвор некои луѓе, градоначалниците на Гостивар и Тетово, Бранко Црвенковски интервенираше, ги затвори, меѓутоа, во таа иста година морам да кажам ние македонските студенти сативме до што ќе дојде. Имаше двомесечни протести против законот за Педагошки факултет на господинот Бранко Црвенковски во договор со неговите коалициони партнери, со ПДП кој што беше вовед во ова што денес го има. Никој неможе да ми каже дека еден парцијален закон не е логичен предвесник на она што денес треба ние со овој Рамковен договор да го дефинираме, а тоа е да го прогласиме Тетовскиот универзитет за државен универзитет. Пробите беа успешни, еве до што дојдовме денес и не може тој господин да излезе и да не предизвикува, да не прозива и да не става на тапет како предавници, како одговорни затоа што тој го даде тој закон. Господинот Никола Поповски мислам дека не гласаше за тој закон во тоа време. Тој закон беше срамно донесен во овој Парламент. Беше донесен откако беше ветено на студентите дека нема да биде донесен, а го донесоа за време на паузата меѓу зимскиот и летниот семестар, со една математичка прецизност за да се избегне можноста од протести и од блокирање на Парламентот. Се сеќавате? Тогаш бев надвор од Парламентот и бев многу горд. И сега ми е многу жал што не сум надвор со тие луѓе пред Парламентот, затоа што јас се чуствувам како дел од нив.

Три ипол години до ден денешен поданичките журналисти, новинари на СДСМ на крст ме распнуваат за тие протести, како расист, шовинист, како предавник, како човек што се предомислил, како човек што лажно се играл со чувствата на македонците. Јас повеќе пати кажав дека не сум се откажал од тие протести. Тие протести денес сметам дека ја добиваат својата историска верификација. Укажаа на тоа што ќе се случи со Македонија. Македонската интелегенција и свест, иако имаше и средношколци, а очигледно некои средношколци се попаметни од врвни политичари во Македонија, укажаа на тоа

дека следува распад на Македонија. А вие не прогласивте за најголеми предавници. До ден денес не престанавте да ги негирате тие протести. Јас ви кажувам јавно јасно и гласно ниту сум се откажал од тие протести, ниту мислам после тестот на историјата и после тестот на времето и на историската дистанца, нешто било неправедно во тие протести. Сме сакале една единствена држава што ја имаме, затоа што јас незнам дека има друга Македонија таква каква што е, сме укажувале сна тоа дека постои лицемерие од страна на шиптарите, дека утре нас тие ќе ни го копаат гробот, ќе ја чистат етнички Македонија и дека не им е до образование. И сум горд што сум спиел 15 дена пред тоа Собрание. Сега користам можност да ги поздравам сите што биле таму и да им кажам дека мојата верба не престанала ако можат да ме разберат. Ако не, животот е долг, тука сме за докажување, освен ако не се одлучат некои поекстремни шиптарски групи и на ликвидации. (Дофрлување од страна на некои од пратениците албанци *со* зборовите не зборувај така").

Знаете ли зошто зборувам така? Јас не сакам да ве навредувам., Вие ме навредувате мене кога ме нарекувате славомакедонец, славоправославен, Вашите лидери во сите можни интервјуа дискуткраат и нарекуваат како што не се чуствувам јас. Јас заради вас, можам да ве нарекувам, меѓутоа, сакав до овој момент да дојде, да ме прашате, зошто ве нарекувам шиптари.

(Дофрлување од еден пратеник "јас ќе те нарекувам како што заслужуваш").

( Мене на разни начини ме нарекуваат).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова сега не е за разговор на двајца. Ве молам, обраќајте се на Парламентот.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Се извинувам.

Јас сум ја проценил историската одговорност, сум ја процееил историската тежина на овој момент и како пратеник господине претседателе, согласно Деловникот за работа на Собранието и согласно Уста-вот на Република Македонија го користам правото да говорам така како што мислам, бидејќи неможе да бидам повикан на одговорност за тоа што го кажувам, а имам право да го кажам своето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никој не може да ви го земе тоа право, но од говорницата овде се обраќате на Парламентот а не на поединец. Тоа ви укажувам. Инаку, ќе си зборувате тоа што мислите.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Господине претседателе, се извинувам ако бев непристоен, меѓутоа, бев предизвикан од место и затоа одговорив, веќе нема отсега натаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжете понатаму.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Завршија како што завршија протестите, се надевам дека пратениците на СДСМ ќе имаат што да проговорат за тие протести, па во репликите ќе можам да кажам нешто повеќе, да се потсетиме малку на тоа време.1998 година. Заврши ерата на комунизмата, на едноумието на наместени избори, според мое длабоко оверување, на власт дојде една коалиција за која искрено да ви кажам сметав дека е в ред. Некој од сопствените лични идеали, младешки идеали, идеали за оваа држава, сум мислел дека со тоа ќе се остварат, ќе се реализираат и во оваа држава ќе дојде до едно подобро време, ќе се реализираат некои проекти кои ќе значат подобар живот на Македонците, кои што ќе значат достоинство на македонците.

Одиме со ред. Една од првите седници, меѓу првите пет седници,Закон за амнестија. Ги амнестираме политичките затвореници, меѓу кои градоначалникот на Гостивар и Тетово во знак на добра волја, во знак на подготвеност за соживот, во знак на разбирање со коалициониот партнер, во знак на подадена рака дека ќе живееме заедно. Да се потсетиме малку што се случи тогаш и како реагираше СДСМ, кој патем треба да предлага закон, односно да поддржи сега закон за амнестија во кој веројатно треба и Али Ахмети да влезе. Меѓутоа за тоа подоцна ќе зборувам. СДСМ гласаше против. Тоа беше закон на кој што прв пат ние се соочивме со тоа да ни падне рејтингот,прв пат се соочивме со тоа господинот Киро Глигоров, тогашен претседател на државата, да го врати законот затоа што тоа било предавство. СДСМ објаснуваше дека ВМРО амнестира криминалци, убијци, луѓе што кренале знамиња против државата, луге кои работеле против државата. Тој момент на нас ни беше земен како најголемо зло. А ние само сакавме да покажеме дека сакаме да имаме добра волја, да се живее нормално во Македонија.199година. Косовска криза. 350 илјади албанци протерани од Косово во Македонија. Меѓу 15 и 18% од вкупната бројка на населението на Македонија што би

значело околу 10 милиони албанци или бегалци во Франција, ако се земат или направат паралелни споредби. Ние ги примивме. Такви какви што сме ги примивме. Зошто? Затоа што не ги сакавме? Затоа што бевме геноцидни? Затоа што бевме расисти, шовинисти? Или затоа што сакавме да покажеме колку сметаме дека е нормално на сосед да му се подаде рака, да му се помогне во неволја, без разлика што тие денеска пукаат на нас. Подадената рака тие денес ја злоупотребуваат. Меѓутоа, сметам дека Косовската криза,се што се случуваше во тој период во Македонија јасно покажува дека од страна на Македонците постоеше убедување за заеднички живот. Од страна можеби на оваа власт и на ВМРО-ДПМНЕ дека постоеше желба, иако јас многу малку сум верувал дека до ова денес нема да дојде. Желба нормално да се живее, да се помагаат едни со други луѓето.

2000 година. Закон за високо образование. 6 пратеници на ВМРО-ДПМНЕ ја напуштија партијата. Не говорам за тоа дали тие биле задоволни или незадоволни можеби и од други прашања. Меѓутоа, тие ја напуштија партијата после тој закон. Не се мешам во тоа ваше право, меѓутоа, правам една ретроспектива на тоа како се одвивале добрите односи во коалицијата, после кои прашаша секојпат сме биле обвинувани од страна на СДСМ за предавство.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ: (**Продолжение**)**

Режимските новинари, вас можам и да не ве сметам за режим, вие сте 50-годишен режим, постојано ме малтретираа околу тоа, дали сум гласал или не за тој закон. Ме доведоа во една состојба да се срамам што не сум зборувал против тој закон. Дома се потев гледајќи ги седниците на Парламентот, кога госпоѓата сегашен миниситер за надворешни работи и ред пратеници одтука ме прозиваа каде е господинот Филип Петровски да каже зошто денеска неговата Влада, неговата партија носи Закон за високо образование, а тој 15 дена спиеше пред Собрание уверувајќи не дека тоа не треба така да биде. Ќе кажам една вистина, интимна вистина, затоа што мислам дека немам што да кријам од никој.

Мене ми е битно, бев замолен да не гласам за тој закон од проста причина, односно да не зборувам против тој закон од проста причина што сакавме да им покажеме на тие што денеска пукаат врз нас, што силуваат Македонци, не Македонки дека сакаме нормално да живееме дека сакаме да имаме еден соживот кој што ќе трае неограничено. Јас жртвував дел од својот интегритет, од сопствената гордост, луѓе ме пцуеа по улици за да покажеме дека сакаме нормално да живееме, затоа што никој не ви се продал на вас и нема право.

2001 година бум, војна како што рече господинот Црвенковски. Војна, меѓутоа ние предлагавме воена состојба, не направивте малоумни. Не доведовме во една ситуација да не прогласите ако единствени виновни. Господинот Црвенковски нема право да го користи тој збор, затоа што кога рековме воена состојба, за да ги решиме проблемите, па да разговараме, ние бевме идиоти, лудаци. Како и да е, овој историјат мислам дека како ланец на случувања не смееме да го занемариме. Секој Македонец треба да го има во предвид, секој што мисли и што нешто му значи овој проблем, што му значи оваа војна, што му значи оваа држава, не смее да го заборави.

Јас не сакам да обвинам други, меѓутоа, не можам да дозволам другите глад да дојдат тука да не апострофираат и да си излезат од салата.

Мислам дека бев прилично јасен во врска со историјатот, би сакал да го земам предвид документот за мир, за демократија, за враќање на нештата во нормала. Во животот на еден политичар постојат моменти околу кои може одложено да дојде ефектот, од она што ќе го направи, бидејќи и Исус Христос бил син на Бога, па луѓето го распнале бидејќи не го разбрале. Денес, после 2000 година го слават сите тие и наследниците нивни, што го распнале на крст. Меѓутоа, ова е време во кое не смееме да бидеме лицемерни, ова е време во кое не можеме да чекаме ефектно одложено дејство, ова е време во кое што сакам се да ви кажам и сеедно ми е дали утре ќе бидам политичар, бидејќи сега не може да има избори што ги посакува СДСМ и можеби албанскиот блок. Јас не знам како ќе направите избори во Липково. Јас не знам како ќе направите избори во Арачиново, или ќе испратите набжудувачи на ОНА во изборните комисии. Значи, не е време за маркетинг. Сега да иам избори не можат 120 пратеници да седнат. Има изборни единици во кои не може да се гласа, а постои тенденција да ги има уште повеќе. Затоа, мислам дека треба да се погледнеме во очи и да си кажеме се што мислиме. Тоа во никој случај не значи дека јас сум за војна, а дека тие што се лицемери, лажговци, тие што се

услизуваат и на Албанците и на Меѓународната заедница, тие се правите. Се надевам дека оваа опција за која зборувам нема да помине како Исус Христос на крст. Меѓутоа, ако тоа е цената на сите голготи, ние ќе ја прифатиме. Зборувам во сопствено име, цитирајќи некои мисли од историјата на Македонците. Понекогаш, подобро е а се каже подобро ужасен крај, отколку ужас без крај. И тоа е од нашите свети Илинденци. Јас размислувам така денеска.

Рамковниот договор, документ за мир, сакам да го анализирам по шест точки. Но, само едно да спомнам.

- За демократијата,
- За налиството,
- За полицијата,
- За консенсуалната демократија,
- За легализацијата на тетовскиот универзитет и
- За Знамињата.

Во Рамковниот договор стои дека точките даваат усогласена рамка за обезбедување на иднина на демократијата во Македонија и овозможување на развојот на поблиски и поинтегрирани односи во Република Македонија и евроатланската заедница. Јас кога го читам овој текст, ми се поставува едно прашање - дали досега немаше демократија во Македонија?

Понатамошната анализа на тоа што се менува како суштина во Уставот, мене не може да ме убеди дека станува збор за демократија, односно за демократизирање, менување на категории кои што одат во насока на подобрување на животот на поединецот. Станува збор за капитулација, за предавство на вековни стремежи, идеали на еден народ. Ништо друго не можам да прочитам во овој Рамковен договор.

Јас не ја омаловажувам работата на тие што работеле. Јас сметам дека претседателот на државата има право да поднесе иницијатива за промена на Уставот. Тоа впрочем е загарантирано во Уставот и мислам дека никој од нас не може да го оспори тоа право. Јас не ја оамаловажувам работата на 4-те партиски лидери. Не можам да кажам дека тие таму седеле, гледале сопствени интереси, или пак се глупирале, незнале што прават, меѓутоа, јас си го задржувам правото да го читам договорот така како што моите очи го гледаат, иако воопшто не сум сигурен дека ова е тој Договор, затоа што оригиналната верзија е потпишана на англиски јазик. Кој ме уверува мене дека преводот на македонски е соодветен? Кој ме уверува дека двозначноста или повеќезначноста на некои зборови не е намерно направна, или ја нема. Го задржувам правото, сметам за еднаков на сите 120 пратеници во макеоднскиот Парламент да кажам дека овој Договор ќе го читам јас како што го разбирам.

Основниот принцип или е што се отфрла и потребата на насилство за остварување на политички цели. Се согласувам тоа секој политичар треба да го прифати како принцип. Не верувам дека има некој тука кој што би можел да излезе на говорница да каже дека не се согласува со овој принцип, иако некои тоа лицемерно ќе го кажат овде. Меѓутоа, во основните принципи, таму када што зе зборува за отфрлања на насилството за остварување на политички цели ие се наведува кој почна да употребува насилство, кој постигна со употреба на насилство потпишување на ваков договор, затоа што ние можеме тука да си наброиме, да си испарафираме многу работи, меѓутоа како доаѓа до нив. Овој Рамковен договор додека да биде потпишан, додека беа лидерите во Охрид, Македонија има 20 мртви. Може ли некој на тоа да затвори очи? Тиа принципи се добри, што се наведени тука, но не се соодветни. Сметам дека треба македонската јавност, ако има интерес за тоа и светската јавност да знае дека Рамковниот договор во самиот свој почеток не ја одразува суштинската реалнос на ситуацијата во Македонија. Кој за тоа сака да затвори очи, кој сакал за тоа да биде премолчено, дали некој странски фактор, јас не знам, но тоа не значи дека не можам овде да го кажам. И останувам на тоа дека не соодветствува на македонската реалност.

Другите принципи, за полицијата ќе зборувам малку поопширно, се извинувам што е такам меѓутоа реков дека се малку вакви седници и можности во животот на еден човак сакајќи или не сакајќи, ќе зборувам опширно затоа што сметам дека македонскиот народ е во заблуда. тој денеска е опсипан на вести, во весници, од невладини организации, од разни емисари, од партиски доброволци, од различни мешетари, е опсипан со објаснувања дака ова е договор за мир. Дека секој што е против тој договор е за војна. Дека со овој договор се ќе биде по старо, дека ќе тече мед и млеко., без да излезе некој и суштински и реално да каже од каде тргнаа работите, а какви ќе бидат после ова. Мислам дека ние немаме право како пратеници, како луѓе одговорни пред

македонскиот народ, тие работи да ги премолчиме.

Да видиме што пишува за локалната началници и да си претпоставиме како ќе изгледа тоа во живо, односно како ќе изгледа тоа во Тетово или Гостивар после шест месеци.

Локалните началници на полиција ќе ги избираат совети на опшртините од листи на кандидати, предложени од страна на МВР и истите редовно ќе комуницираат со советите. Јас не знам дали вие планирате како пратеници, се обраќам на сите, али Македонци, ама Македонци, кога ќе завеши ова пародија и фарса, да одите во Тетово. кој кој што ќе коалицира со Али Ахмети ќе може да оди во Тетово. Тие што нема да коалицираат со Али Ахмети, планираат ли да одат во Тетово, ама да не бидат пратеници, да им заврши мандатот. Тоа значи дека вас ќе може терористот што денеска пука и убива Македонци, затоа што нема да го идентификува никој од вас, ќе нема политичка волја да се затворат тие, ќе ги амнестирате. Тој ќе биде полицаец, затоа што нема да може да бидат во коалицијата примени најнебитните терористи, ќе бидат најистакнатите, најдокажаните, затоа што ќе им треба имунитет од државата. Тие ќе бидат полицајци кои што вас ќе ве легитимираат во Тетово и во Гостивар и ако не им се допаѓа кај вас, можата да ве измалтретираат колку што сакаат и понатаму ако се спротивставите, ќе можат да кажат дека сте се спротивставиле на апсење и вие да бидете криви. Во тој случај, требаше да гласате за алтернативниот пат што ќе оди преку Македонски Брод, за да одите за Охрид, доколку мислите да одите за Охрид, а да го поминете Тетово, односно да не влезете во Тетово, ако некогаш во животот повторно се вратат како што некогаш биле. Да не речам Теарце и Лешок, јас така ги гледам овие работи, затоа што во Тетово и во Гостивар советот не може да биде ни приближно избалансиран, не може да биде одраз на оваа ситуација што ја имаме во Парламент, туку на некои други бројки и проценти ќе биде одраз, што значи дека ќе биде Албанец, што не значи дека до сега не бил, имало. Во оваа коалиција во знак на доверба имаше и поставуваше меѓутоа, од утре ќе бидат терористи, началници на полиција. И многу ме интересира за пратеничката група на СДСМ дали ќе излезе некој да контрира на ова или ќе молчите од страв од терористите. Тоа сакам да го слушнам.

За консенсуалната демократија - за Уставниот суд 1/3 од судиите ќе се избира од страна на Собранието со мнозинство од вкупниот број пратеници кое ќе содржи мнозинство од вкупниот број на пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои што не се мнозинско население во Македонија. Оваа постапка ќе се применува и при изборот на народниот правобранител и на тројца членови на Судскиот совет. Тоа е прво ниво. Уставен суд и народен правобранител.

(Реакција на некои пратеници во салата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам престанете, дајте да го ослободиме да зборува.

Човекот добил збор.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Уставните амандмани и Законот за локална самоуправа нема да можат да се усвојат без квалификувано мнозинство на 2/3 од гласовите во рамките на што ќе мора да има мнозинство од гласовите на пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедниците кои не се мнозинско население во Македонија. Значи, Уставен суд, народен правобранител, уставни амандмани, Закон за локална самоуправа. Четири.

Понатаму, закони кои директно ги засегаат културата, употребата на јазикот, образование, лични документи, употреба на симболи за кои закон за локално финансирање, локални избори, град Скопје, општински градоначалници, ќе мора да постои мнозинство од гласови во рамки на што ќе мора да има мнозинство гласови на пратеници кои тврдат дека припаѓаат на заедници кои не се мнозинско население во Македонија.

Петто ниво, јас немојте да ме разберете дека не сум демократ, дека сметам дека Албанците не треба да се изјаснат за сите овие работи, меѓутоа што е ако не консенсуална демократија на сите овие пет нивоа услов да биде пола да се изјаснат, ако не, нема ништо од тоа.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ**: (Продолжение)

Па, се укинува она што се нарекува механизам, просто мнозинство, апсолутно мнозинство, двотретинско мнозинство, затоа што ништо од тоа нема да важи. Вие можете да имате 80 пратеници за промена на Устав, меѓутоа, пред претпоставка дека има 20 албански пратеници, 12 се изјасниле, не важи промената на Уставот.Ќе се доведеме во позиција на ах, никогаш ништо да не може да се смени. И верувајте, тоа е дефиницијата на пропаста. Кој ги

ограничува пратениците кои што не се македонци да поднесат барање за промена на Уставот. Еве 25 се, не се доволно за промена на Уставот. Ќе земат 5 пратеници од СДСМ ќе станат 30, ќе ги поднесат промените на Уставот. Нека не убедат, нека излезат и нека кажат дека е вака и вака. Еве, нека земат 5 пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, гледам дека реагирате од место. Ако ги убедат пратениците од СДСМ претпоставувам дека би можеле да убедат и пратдници од ВМРО. Меѓутоа, утре еден од нив за да не биде задоволен, како што некои провоцираат од место, цела држава ќе биде закочена во сите механзми. Што е тоа ако не консензуална демократија, што е тоа ако не уцена на малцинството врз мнозинството, што е тоа ако не е тоа крај. Дали Босна станува Македонија. Па, ќе каже некој тука дека е заштитено интегритетот и единството на Македонија. Во смисла на тоа дека Македонија е неделива. Нема промена на граници. Светската и Меѓународната заедница и јавност јасно кажаа дека Македонија нема да се дели. Па, кое е тоа лицемерие. Што е Босна и Херцеговина? Една држава, ама како е внатре. Што е Југославија? Резолуцијата 1244 на Обединетите нации кажува дека Косово е составен дел на Југославија. Но, еве, пратениците албанци, кажуваат тешко. Дали е тоа така? Е, да знаете дека Ви предвидувам на Вас што ќе гласате за промена на Уставот втора Босна или второ Косово тау каде што Македонија е етнички исчистена. А, Вие што ќе гласате за , за, да си ја преземете одговорноста, да ги вратите македонците истерани од Лешок, од Теарце. Не координативното тело, зашто не верувам во него. Тие што Ќе гласаат за промена на Уставот на чело, да одат таму да ги вратат луѓето. По можност некои од нив таму и да се населат, оти Бранко Црвенковски го бараат многу во Жилче, Ратаје и во Јегуновце да дојде со нив малку да поседи, а и Бучковски го бараат. И, Бошковски го бараат. Да не мислите нешто дека јас туку СДСМ го обвинувам. Да Ви кажам една работа г-гице Шекеринска, Бошковски беше во Јегуновце. И пак ќе одиме. Барем јас знам за некои луѓе тука што немаат намера да се повлечат од таму. Зашто, г-дине Стојковски, бидејки дофрлувате од место, за денеска тука да се одвива седницата во вакво расположение, освен што има проблеми пред Собранието, илјада македонски синови се на позиции во ровови во некоја нова граница и поделба меѓу албанците и македонците, штитејки ја последната македонска еклава пред Скопје. И, тоа немојте да го заборавите.

Легализација на тетовски универзитет.

Финансирање од страна на државата ќе се обезбеди за високо образование на јазици на кои што зборуваат најмалку 20% од населението на Макеоднија. Што значи тоа? Тоа значи легализација на тетовскиот универзитет. Зашто тој е оформен, функционира 6-7 години., ПДП постојано се залага за негова легализација, тој работи, дефакто,произведува високо образовни кадри, незнам колку се стручни, многу и не ме засега, меѓутоа, од утре ќе треба да ме засега. Оти, нема некој да формира нови универзитети. Еве го тетовскиот универзитет, еве го Штуловиот универзитет. Тие два универзитета ќе мора да ги финансира државата. Ова го предвидува овој договор за мир. Тука е напишано, незнам зошто никој не сака тоа да го прочита. Што значи тоа? Дека паѓаат во вода сите обвинувања кои биле предавници и кои биле заштитници на македонскиот народ, кои давале, продавале закон за високо образование, кои биле лицемери, кои биле тие што не мислеле на нас. Знаете што? Јас сметам дека лека полека работите почнуваат да се разјаснуваат и дека многу бргу ќе го добијат вистинското светло. Оти вистината може да се сокрие, меѓутоа вечно не може да остане во темница. Јас не сум против високо образование на албанците. Тоа е предвидено во договорот и тоа функционира. Свети Кирил и Методи во Битола универзитетот, тетовскиот универзитет. Меѓутоа, кога ќе се избројат работите на крај, албанците ќе имаат три универзитети, а македонците еден. Па, извинете да изнесам транспарентни пред Собрание и да протестирам за повеќе образование на макеоднците. Мислам, колку и да е чудна, некогаш и смешна вистината, она што го направија К-15 денеска е вистина во Македонија. Ќе треба да протестираме за повеќе права, за повеќе слобода и за повеќе образование за макеоднците. За знамињата.

Ние бевме обвинувани дека сме пуштиле криминалци кои што државата ја ставиле на бездер, ја продале, ја предале, ја отстапиле, затоа то со Закон за амнестија прв дел во 1998 година ги амнестирале неколкуте политички затвореници по повод случајот со знамињата. Изразување на идентитетот во документот вели: "Во однос на симболите непосредно до симболот на Република Македонија локалните власти ќе ја имаат слободата на предната страна од локалните јавни објекти да постават симболи со кој се одбележува идентитетот

на заедницата". Виа нема да ставите знаме со симбол на Триглав или со Шаховница, се знае кои знамиња ќе стојат до македонсото знаме. Значи, доаѓаме на ситуацијата за која што ние се осудуваме, а сега некој друг ни ја нуди , не прозива како најголеми предаваници ако ја прифатиме таа ситуација. Се враќаме на ситуацијата од 1997 година. Јас ќе прашам, зошто Црвенковски ги тепаше албанците во Гостивар ако денеска толку воодушевено гласа за овој договор и дури се заканува читам по весниците дека ќе Ве отстранува од партија ако не гласате , ќе Ви дава исписници и незнам што кога е иста ситуација. Или лицемерието отишло до таков степен што тогаш можел таков да биде, а денеска да биде ваков. Претседателот Трајковски тој го нарекув апретседател, а го понижуваше година ипол како граѓанин. Тоа се само примери на лицемерие до кој што сакам да дојдам подоцна. Но мислам дека со изразување на идентитетот, работата се враќа на 1997 година фактичка, не законска. Да престанеме со лицемерието дека работите се подобруваат со овој договор. Оти, јас навистина сметам дека наведов доста аргументи дека тоа не е така.

Ова, во врска со воведниот дел на рамковниот договор, сега Анексот-а уставни амандмани и да ви кажам ќе го коментирам само Анексот-а. Анексот-б и с ќе ги прескокнам во интерес на времето и на важноста на документите, зашто мислам дака навистина ако се анализираат уставни амандмани и се оценат како неприфатливи, најверојатно дека нема потреба да се анализираат законските амандмани.

Во врска со уставните амандмани ќе се задсржам на две работи. На преамбулата и на уште една работа, а тоа е дека во член 78, Собранието ќе основа комитет за односи меѓу заедници. Има многу работи што се неприфатливи. Во член 7 за втор јазик, во член 19, во член 6е консензуална демократија, во член 86 каде што се воведува клуч, член 109 со клуч, член 114 со клуч, што значи консензуална демократија и член 131 во кој што се уредуваат начините на кој што се менува Уставот. Меѓутоа, мислам дека зборувам за консензуалната демократија и сметам дека нема потреба да ве оптоварувам толку многу, оти претпоставувам дека и некои други пратеници ќе ги анализираат овие моменти. Само ќе се задржам на овие две што ги спомнав и дека , едноставно сметам дека претходните веќе ги спомнав и нафрлив свое размислување за нив.

Преамбула на Република Македонија односно на Уставот на Република Македонија.

Јас ќе ја прочитам преамбулата и понатаму после тоа ќе го прочитам текстот како сега треба да гласи преамбулата. Значи, прво преамбулата во Уставот на Република Макеоднија. "Тргнувајки од историското, културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и неговата вековна борба за национална и социјална слобода и создавање на своја држава", сега ќе ги прескокнам неколку работи што сметам дека се небитни, за тука да се потенцираат, иао сметам дека преамбулата од збор до збор е слово како Библија, барем за мене , иако многу мислат дека не треба така да се гледа Уставот, дека Уставот е променлива категорија, дека тоа е нешто што може да се модифицира како ќе дувне ветерот. Јас мислам дека цврстината на една држава се гледа по тоа колку е цврст односот кон Уставот. Зашто, американскиот Устав, иако е несоодветна споредбата има 213 години од своето донесување, а нема повеќе од 20 и нешто амандмнаи. А, ние имаме сега во пакет над 30 амандмани само во овој круг. И, уште еден дел е битен. Историскиот факт дека Македонија е конституиран а како национална држава на макеоднскито народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на макеоднскиот народ со албанците, турците и ромите и другите националности кои живеат во република Македонија. Јас немислам дека овој текст дискриминира некого. Плус тоа нема правно дејство. Има историско објаснување. Овој дел од текстот кажува дека ние шака луѓе, последен народ во Европа сме се собрале и сме имале тешкотии десет века, дваесет века, кој од каде нека смета и сме направиле сопствена држава.Таа преамбула не ве негира, вас што седите позади господа албанци, ве пишува тука. Меѓутоа, ја кажува основата на нашите залагања на десетици генерации. А, денешнава преамбула односно наредната, ако го усвоите тоа што е предложено, ќе гласи ѓраѓаните на Република Македонија, преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на татковината, свесни и благодарни на своите претци за жртвите и посветеноста во нивните заложби и борба за создавање на самостојна и суверена држава Македонија и одговорни пред идните генерации , за зачувување на се што е вредно од богатото културно наследство и

соживотот во Македонија, еднакви во своите права и обврски кон заедничкото добро...", бла, бла, бла. Каде е тука македонскиот народ. Кој може да гласа за ова. Господине Црвенковски сакам да ви честитам на храброста што ја искажувате во вашето говорење пред макеоднскиот апрламент. Оти, Вие вака глад да кажете сите дека ќе гласате и око да не ви трепне, мене не ми е јасно како можете да преземете ваква одговорност. Тоа се однесува и на сите други пратеници. Не е во прашање тоа што јас не сум демократ, па не ми се допаѓа дека некој друг постои во Македонија. Тоа е верифицирано со оригиналната преамбула, преамбулата на македонсиот Устав. Запишани се заедниците освен можеби што се србите испуштени, то може да се дополни со амандман. Па, сега ќе кажат тука уставни експерти дека не постои Устав од ваков тип во Европа, освен Уставот на Словачка. Дека тој одразува закоравен начин на кој што се претставуваат нештата. Дека никој во уставите не се претставува како народ. Меѓутоа, јас и понатаму сум убеден дека едноставно ние имаме право како народ да се напишеме во Уставот. Ако ние не се напишеме во Уставот, ни Бугарите, ни Грците, ни Србите, ни Албанците нема да не напишат. Во мои разговори со неколку дипломати, апсолутно јасно им е зошто нашата гордост и нашата тешкотија да се согласиме да се брише македонскиот народ од преамбулата.

Јас сега несакам да навлегувам во хипотези од типот на светски заговор, од типот на писанијата на Никола Николов дека постои заговор против македонците, оти тоа би ни изгледало премногу голема работа за светските сили, за воено индустриските комплекси, за големите банкарски семејства, тие да се занимаваат со тоа д ане избришат нас како држава односно бидејќи сакаат да не остават како држава, нас како народ. Меѓутоа, никако не ми оди во глава ние самите да се избришеме. Некои амандмани се прифатливи, за некои од нив ќе дискутираме , некои сигурно ќе бидат усвоени, меѓеутоа , да прифатам амандман да се избришам, јас во најмала рака немам пренесено од граѓаните такво овластување. Ако утре македонскиот народ на референдум излезе и каже ние се бришеме од Уставот, а тоа е еден од единствените документи во кој што нас не пишува, кои што се верифицирани од државата, освен учебници на поединци или ако сакате наречете ги авантуристи, па каде ќе постоиме ние.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ**: (продолжение)

За ова, треба да се согласат и пратениците Албанци дека ние не можеме да се избришеме од Уставот. Мислам дека преамбулата не може да биде прифатлива да се замени, или избрише, односно да се промени, во однос на тоа како беше и каква е во моментот, а јас се надевам дека ќе остане и во однос на тоа каква треба да биде.

Втората работа, во врска со Уставот, член 78, Собранието ќе основа Комитет за односи меѓу заедниците. Тој комитет ќе го сочинуваат 7 члена од редовите на Македонците и Албанците во Собранието и 5 члена, од редовите на Турци, Власи, Роми и други две заедници. Собранието ќе ги бира членовите на Комитетот, а Комитетот ќе ги разгледува прашањата на односите меѓу заедниците во Република Македонија и ќе донесува предлози и мислења за нивно решавање. До тука, ми делува нормално, инаку, не ми делува паритетот нормално 7 Македонци и 7 Албанци. Дали се согласуваме дека е тоа 50 према 50, или пак, да чекаме тоа што ќе ни дојде утре.

Меѓутоа, Собранието е должно да ги разгледува мислењата и предлозите на Комитетот да донесува одлука во врска со нив. Тоа значи, дека ние не основаме комитет, или некоја комисија под Собранието. Ние основаме тело кое што е еднакво на Собранието. Тоа тело, ќе мора да се произнесува во врска со нив. Уште повеќе сакам да ме сослушате во врска со точката 6, во врска со спорот меѓу пратениците во Собранието, во врска со спроведување на постапка за гласање, утврдена со членот 69, во врска со консензуалната демократија, каде Комитетот ќе одлучува со мнозинско гласање. Тука доколку се скараме, нема доволно пратеници за промена на оние закони што ги спомнав претходно, или за изгласување на судии на Уставниот суд, или за изгласување на Републички судски совет, или за народен правобранител, или пак за незнам што, и доколку се скараме, ќе се создаде една состојба на хаос и ќе мораме да го повикаме Комитетот да се изјасни и таа одлука ќе биде валидна во Собранието. Што е тоа, ако не е втор Бон. Јас многу не се разбирам, односно Не сум експерт, меѓутоа, мислам дека знам да читам. Мислам дека ова ни се претставува како документ за мир, меѓутоа, да се провоцираме како предавници, ако не го прифатиме, во најмала рака е ризично и жонглерски.

Сакам да кажам исто така, за патриотизмот и законодавството. Ние како што знаеме Босна е во рамките на границите. Меѓутоа, внатре е "турли тава", а исто така, и Југославија. Таква ќе биде и Македонија. Навистина ќе се согласам дека ништо од документот не вреди, за да настрада Македонскиот народ. Јас не сум тој што сака да бојкотира нешто, или да обвини некој друг, или пак да го отфрли документот, па потоа. да има нови мртви, да има загинати. Но, Не може да Се префрли вината на друг да се каже, дека ние сме носители на тој документ. Згора на тоа, вие дури не ни дозволувате да се изјасниме за тоа.

Ова што го слушнав во врска со Кузман Јосифовски Питу, бидејќи негиравте во вашата дискусија, мислам дека не го негиравте од историски аспект, туку од аспект на историската одлука, бидејќи ми Се слушна Дека би постапиле спротивно. Значи ли дека ние треба да го прифатиме овој документ, бидејќи, тоа го слушам од ваши членови и Ќе тактизираме неколку години, односно 3-4 години, 5 години, додека Македонија да зајакнела воено, односно армиски и по тоа Ќе сме го вратиле интегритетот. Јас ги прашувам сите тие што го потпишале документот, бидејќи вам ви се полни устата за мир, меѓутоа, никој од вас не излезе и не кажа, дека ќе се вратиме на тие територии, каде што ќе бидат исчистени Македонците. Дали вие имате гаранција дека ќе се вратат Македонците таму. Има ли некој од вас гаранција? Може ли некој од вас да даде гаранција дека ние ќе го смениме Уставот, а ние едноставно, што ќе се повлечеме ќе го прифатиме докуентот и вие ќе бидете во право, кога Македонците ќе се вратат дома.

Вие направивте паралела со Милошевиќ дека тој ги загуби сите војни. Тоа е точно. Меѓутоа, таа паралела не држи. Милошевиќ, војуваше за Хрватска, Милошевиќ војуваше за Босна, Милошевиќ војуваше со сите, со кои што можеше да војува, односно надвор од границите на Србија. Да го спомнам и Косово. Ние, не војуваме за усвојување на територија. Ние војуваме да ги одбраниме целите што ги дигнаа во Лешок во воздух. Ние имаме одбрана на државата.

Јас не знам, како можете да направите паралела на Милошевиќ со Македонскиот пример. За пример, не го зедовме ни Прешево, ниту отидовме во Лерин, ниту го нападнавме Ќустендил. Сакаме да го одбраниме Куманово, за да има вода, сакаме во Арачиново да нема минофрлачи за да пукаат врз Собранието и врз Владата, и врз Аеродромот. Сакаме луѓето во Теарце да живеат нормално како Македонци, а вие, направивте споредба со Милошевиќ. Доколку ви е споредбата дека може би поради, целата консталација на односи, ние ќе ја загубиме војната, значи, имаме паралелизам Милошевиќ имаше загуби и ние ќе загубиме. Тогаш споредбата ви е добра. Се разбира, доколку сметате дека е така. Ако сметате дека империјализмот, односно хегемонизмот, или како сакате, врз целата територија на СФРЈ што го полагаше Милошевиќ е ист со нашата борба за одбрана на татковината, тогаш, навистина, јас не знам кој погрешил. Дали јас сум медицински случај, или како што велите вие.

Јас сметам дека мирот на граѓаните мора да им се врати. Јас сакам да им се врати мирот. Меѓутоа, мирот нема да им се врати, доколку ние замижиме и доколку кажеме: "е колку сум среќен, денес видов реклами за мир, денеска слушнав од вестите дека женското лоби ќе прави митинг за мир, дека мајките сакаат мир, Дека СДСМ сака мир, ВМРО сака мир и надвор е мир". Тоа не е така. На некои делови на нашата територија нема мир. Нема ниту да има мир по овој договор. Мислам дека сите ние треба да направимо со, за да го вратиме мирот. Меѓутоа, мирот се враќа со татковинска одбрана на државата, по секоја цена, јас барем, така мислам. Значи, денеска доколку нд се вратиме таму, утре сигурно Нема да со вратиме. Задутре уште помалку. А со ова, ги поставуваме темелите на едно уредување, кое што Ќе биде бинационално, консензуална демократија, која што ќе се закочи, Устав кој нема да функционира, нелојалност која што ќе биде верифицирана, затоа што Ќе биде изразена со број на пратеници, а нелојалноста Ќе биде покажана со тоа што, едноставно, Нема да гласаат за локалната самоуправа, затоа што нема да им се допаѓа еден член. Ние ќе ја Верифицираме. Или, вие. сите што ќе гласаат против, треба да го соопштат концептот, народот за да знае. Јас Ќе гласам против и мојот концепт е многу прост. Во него нема никаква филозофија: да нема предавници, да нема отстапки, да нема соопштувања на податоци кој е резервист и кој има оружје во Тетово и во Гостивар и да се задржи едно, единствено право, што е од Бога дадоно. Да се брани тоа што е наше огниште. Тоа е концептот за мир. Повторно ќе ви нагласам: подобро ужас со крај, отколку ужас, без крај. Овој документ, Не е

документ, кој што може да изнервира. Јас ви кажав како ќе гласам, а откога ќе реплицирате, ќе ви кажам уште еднаш.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Сега ќе завршиме со работа.

Ќе продолжиме утро во 11,00 часот.

(седницата прекина со работа во 21,30 часот).